РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

# Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015

Печатењето на  оваа публикација е со финансиска и стручно-техничка поддршка на Светска здравствена организација, канцеларија Скопје.

**АВТОРИ:**

Министерство за труд и социјална политика
**Г-а Софија Спасовска**
**Г-а Ирена Тодороска**
**Г-а Лидија Штерјов**

Генерален Секретаријат
**Г-а Весна Василева**

Секретаријат за европски прашања
**Г-а Александра Вуковиќ**
**Г-а Нена Неновска**

Министерство за внатрешни работи
**Г-а Лилјана Јаковчевска**
**Г-а Жаклина Просароска**

Министерство за правда
**Г-а Тања Кикерекова**
**Г-а Маријана Атанасоска**

Министерство за здравство
**Д-р Сузана Маневска**
**Проф. д-р Марија Ралева**

Министерство за образование и наука
**Г-н Георге Николов**
**Г-а Нада Стоименова**

НВО Мрежа
**Г-а Мила Царовска**
**Г-а Елена Димушевска**

Заедничка програма на организациите на ОН, „Зајакнување
на националните капацитети за спречување на семејното насилство“
**Г-а Јасмина Трајковска**
**Г-н Нехат Рамадани**
**Г-а Јелена Красиќ**
**Г-а Биљана Настовска**
**Г-а Димитринка Јорданова Пешевска**
**Г-а Шерифе Исмаили Касапи**
**Г-а Македонка Трајковска**
**Г-а Ивона Пауновиќ**
**Г-а Олимпија Гроздановска**

Национален консултант
**Доц д-р Стојанка Мирчева**

Лектор
**Надежда Смилевска**

**CIP – Каталогизација во публикација**
**Национална и униврзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

**364.63-027.553-21(497.7)”2012/15”**

**НАЦИОНАЛНА стратегија за спречување и заштита од семејно насилство : 2012-2015 / [автори Софија Спасовска . и др.]. - Скопје : Министерство за труд и социјална политика ; =Skopje : Ministry of labor and social policy, 2012. - 57, 54 стр. : табели, граф. прикази ; 21 см**

**Насл. стр. на припечатениот текст: Strategji nacionale për parandalim dhe mbrojtje nga dhuna në familje : 2012-2015. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Фусноти кон текстот**

**ISBN 978-608-4595-18-2**
**а) Семејно насилство – Стратегија за спречување – Македонија – 2012-2015**
**COBISS.MK-ID 92574218**

# СОДРЖИНА

Благодарност........ v
Листа на кратенки........ vi
Толковник на термини и дефиниции........ vii

Вовед........ 1
Методологија на изготвување на стратегијата........ 3

**Прв дел........ 5**
1.1.Анализа на состојбата........ 5
1.1.1.Преглед на спроведените истражувања во земјата кои опфаќаат семејно насилство........ 5
1.1.2.Статистички податоци за пријавените случаи на семејно насилство пред надлежните органи........ 10
1.1.3. Правна рамка за справување со семејно насилство........ 14
1.1.3.1. Казнено правна заштита........ 14
1.1.3.2. Положба на жртва на семејно насилство според новиот ЗКП........ 16
1.1.3.3. Мерки за заштита на жртвата на семејно насилство во граѓанска постапка........ 17
1.1.4. Резултати од Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011........ 18
1.1.4.1. Спроведени активности........ 18

**Втор дел........ 25**
2.1. Визија........ 25
2.2. Мисија........ 25
2.3. Клучни иновативни карактеристики на Стратегијата 2012-2015........ 25
2.4. Водечки принципи........ 26
2.4.1. Одговорност........ 26
2.4.2. Партнерство........ 26
2.4.3. Постапување со жртвите засновано на човековите права и слободи........ 27
2.4.4. Недискриминација........ 27
2.4.5. Транспарентност........ 27
2.4.6. Ефективност и оддржливост........ 27
2.5. Ризици........ 27

**Трет дел - Стратешки цели........ 29**
3.1.Основна стратешка цел........ 29
3.1.1. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - СПРЕЧУВАЊЕ........ 29
3.1.2. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Заштита, помош и поддршка на жртвите........ 31
3.1.3. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Гонење на сторителите........ 34
3.1.4. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Мултисекторска соработка и подигање на институционални капацитети и специјализираните служби........ 36
3.1.5. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Имплементација, следење и евалуација........ 36

**Четврти дел - Финансиски импликации........ 39**
Анекс I: Работна група за подготовка на Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2012-2015........ 40
Анекс II: Стратешки документи........ 41
Анекс III: Структура и задачи на националното кординативно тело за борба против семејно насилство........ 43
Анекс IV: План за спроведување........ 46

# Благодарност

**Почитувани,**

Семејното насилство е кривично дело. Секој има право да го живее сопствениот живот безбедно и во согласност со своите потреби. Насилството во домот ја нарушува безбедноста и мирот, ги погодува децата, жените, старите и останатите членови во семејството. Се уште многу луѓе страдаат во сенка, незнаејќи за своите права и помошта која може да ја добијат од страна на релевантните институции.

Владата на Република Македонија посветено работи на заштита на човековите права, а со тоа семејството го гледа како единствена клетка на општеството во целина. Во 2008 година година државата ја усвои Националната стратегија за заштита од семејно насилство, која што успешно се имплементираше во периодот 2008-2011. Нејзиниот фокус беше насочен кон подигање на јавната свест, подобрување на сервисите координацијата меѓу институциите, со што жртвите би добиле адекватна заштита каде и да се на територијата на Република Македонија. Имплементацијата на Стратегијата беше потпомогната од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје и агенциите на Обединети нации. Прогресот во унапредување и заштита на човековите права беше забележан и во извештајот на Европската унија за 2011 за Република Македонија.

Првото национално истражување покажа дека институциите треба и понатаму да се насочат кон подобрување на заштита на жртвите, подобрување на координацијата, а особено кон подигање на јавната свест.

Оттука, преку веќе воспоставената заедничка работа и посветеност на државните органи, граѓанскиот сектор и меѓународните институции произлезе и потребата од продолжување на Стратегијата за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015.

Би сакал да се заблагодарам на сите институции, граѓански организации и агенциите на Обединетите нации за поддршка во изработка на новиот стратешки документ. Овој документ ни дава насоки за зголемување на јавната свест за семејното насилство, подобрување на квалитетот на сервисите наменети за жртвите, унапредување на координацијата меѓу институциите и стандардизација на сервисите.

За крај, верувам во успешно поставениот систем и Ве повикувам сите да ги исполниме нашите должности кон жртвите и да го направиме семејното насилство неприфатливо и нетолерантно, да го пријавиме насилството и да пружиме соодветна поддршка, заеднички со координиран пристап на сите релевантни чинители.

Со почит,

**Спиро Ристовски,**
Министер за труд и социјална политика

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| ЗС | Закон за семејство |
| ЗКП | Закон за кривична постапка |
| КЗ | Кривичен законик |
| Нов ЗКП | Закон за кривична постапка (Службен весник на РМ, бр. 150/2010) |
| НВО | Невладини организации |
| ЦСР | Центар за социјална работа |
| СЕ | Совет на Европа |



# Толковник на термини и дефиниции

| | |
|---|---|
| Семејно насилство | Под семејно насилство се подазбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи (чл. 122, т. 21 од КЗ на РМ) |
| Жртва на кривично дело | Секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело (чл.21, т.4, ЗКП) |
| Жртва на семејно насилство | Може да биде брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, браќа и сестри, полубраќа и полусестри, постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство, без оглед на пол и возраст(чл.94-в од Закон за семејство). |
| Дете жртва на насилство | Состојба на ризик на дете до 14 годишна возраст. Жртва на насилство е и помлад и постар малолетник во ризик на возраст до 18 години (чл.12 од 13Закон за малолетничка правда) |
| Блиски лични односи | Лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница(чл.96-б од Закон за семејство) |
| Семејство | - Според чл.25 од Кривичниот законик, се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето живее во семејна заедница<br>- Според чл. 2 од Законот за семејство, е животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство<br>- Според чл. 13, ст.3 од Законот за социјална заштита, се смета самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и другите роднини кои живеат со нив и се должни согласно со Законот за семејството да се издржуваат |
| Дискриминација | Секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење на разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа (чл.5, т.3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација) |
| Мерки за заштита од семејно насилство | Обврска за преземање мерки за заштита имаат Центрите за социјална работа секогаш кога имаат сознание дека над некое лице е сторено семејно насилство |
| Привремени мерки на заштита | Ги изрекува судот по барање на ЦСР или на жртвата |

# Вовед

Семејното насилство е феномен кој ги подрива вредностите на демократското општество. Компаративните и емпириските податоци за извршено семејно насилство говорат во прилог на гледиштето дека семејството како основна општествена заедница и како извор на емоционална, социјална и на материјална поддршка за неговите членови, честопати може да се претвори во насилничка средина во којашто длабоко се повредуваат членовите на семејството и нивните човекови права.

Стереотипот за семејното насилство како тривијално, ситно дело, инхерентно на секое семејство, е директно спротивен со резултатите добиени од многу странски и домашни виктимолошки истражувања дека жртвите на семејно насилство се подложени на многу поголемо насилство од жртвите на друг вид на насилнички криминал[1]. Постојат многу дискусии, и многу истражувања се спроведени за утврдување на причините на семејно насилство. Семејното насилство не може ексклузивно да се поврзе само со општествени или само со психолошки фактори. Имено, припадноста на жртвата или на сторителот на една класа, етничката, религиозната припадност, општествениот статус, употребата на алкохол или дроги, насилнички искуства во детството, немаат директна причинска врска со семејното насилство. Сиве овие фактори, во конкретен општествен контекст може да придонесат за воспоставување и за одржување на насилнички однос во семејството. Не постои едноставно објаснување за причините за семејното насилство. Ниту, пак, може да се издвои една специфична група во општеството за којашто може да тврдиме аргументирано дека го создава проблемот. Напротив, феноменот на семејното насилство е присутен во сите сегменти на општеството, без исклучок.

Однесувањето во семејството се засновува врз прифатените традиционални улоги коишто се пренесуваат од една на друга генерација. Во суштината на насилничкото однесување во семејството лежат историски нееднаквите односи како сфаќање за моќта меѓу мажот и жената[2]. А моќта е во функција на остварување контрола во семејството и врз неговите членови преку воспоставување насилнички однос. Во таквиот насилнички однос во семејството, најчесто жртви се неговите најранливи членови, жените, децата и старите лица.

Македонското општество го карактеризира патријархална структура, што доминантно ги определува нееднаквите односи на моќ меѓу мажот и жената. Традиционално воспоставената родова матрица на машки и женски улоги, доминантната улога на мажот на една страна и инфериорната положба на жената на друга страна, како и општествената перцепција за легитимноста на моќта на мажите, ја определува положбата на жената

---

1 Види поопширно, Davis, R. (1998) , Domestic Violence: Facts and Fallacies, Westport: Praeger Publishers, СТ.Чачева, В., Фришчиќ,Ј., Мишев, С., (2007), Живот во сенка, ЕСЕ.Скопје.

2 Види поопширно, Комитетот за еднакви можности за мажите и жените, Совет на Европа, Парламентарно Собрание (2002))

во семејството и семејното живеење. Историското прифаќање на семејното насилство во македонското општество е детерминирано од социјалните, економските, културните, политичките, моралните и обичајните вредности.

Анализирањето на појавата на семејно насилство упатува на општ заклучок дека, ниту по видовите на насилство, ниту по интензитетот и динамиката, овој вид на насилство не претставува изолирано или завршно дејствие. Напротив, суштински елемент на семејното насилство е повторување на чинот на насилство, придружен со зголемување на интензитетот, динамиката и видовите на насилство.

Во согласност со широко прифатените дефиниции на насилство во меѓународните документи, а тука и семејното насилство како форма на насилство, секогаш кога се појавува насилство, без оглед кој е сторител, станува збор за кршење на основните човекови права и слободи. Оттаму, улогата на државните институции е клучна не само во заштитата на човековите права коишто се повредени и во спроведувањето на законите, туку и во спречување натамошно насилство.

Самиот термин „семејно насилство" во нашето општество срамежливо почнува да се пробива во последните неколку години од дваесеттиот век. Промовирањето на семејното насилство започнува во 1994 година, а првите активности на невладиниот сектор се насочени кон препознавање на феноменот во јавноста и кон непосредна помош и поддршка на жените-жртви и нивните деца.

Проблемот на семејното насилство во Република Македонија го губи карактерот на приватна работа на семејството и табуизирана тема со измената во националната легислатива, Законот за семејство и во Кривичниот законик од 2004 година, кога за прв пат експлицитно се инкриминира семејното насилство. Со напуштање на гледиштето дека семејното насилство примарно е приватна работа се зацврстува ставот дека семејното насилство мора да се дефинира и да се сфати не само како закана за поединечните жртви, туку, исто така, и како закана за општеството.

Предмет на Стратегијата за спречување на семејното насилство е спречување на сите облици на семејно насилство врз секоја жртва, но мерките кои ги предвидува нудат специфичен пристап кој ги адресира индивидуалните потреби на жртвите. Имајќи предвид дека најзастапени жртви на семејно насилство се жените, Стратегијата нуди рамка за родово специфични мерки насочени кон спречување и заштита на специфичните потреби на жените, но истовремено нуди широка лепеза од мерки и активности со кои се опфатени и сите други жртви.

Националната стратегија за спречување на семејното насилство 2012-2015 има за цел понатамошното развивање на сеопфатен и ефективен систем за спречување на семејното насилство во Република Македонија. Изработката на овој стратешки документ во голема мера се потпира на Стратегијата за заштита од семејно насилство 2008-2011 и е логичен континуитет на посветеноста на Владата на Република Македонија за функционален и ефикасен одговор на семејното насилство. Националната стратегија, исто така, е усогласена со заложбите и обврските преземени од Владата во напорите за искоренување на семејното насилство. Истовремено, Владата се обврзува на стратешките цели и задачи содржани во Стратегијата, меѓу другото, имајќи предвид дека нивната доследна имплементација е суштински чекор за поврзување на националните политики со политиките на Европската Унија.





# Методологија на изготвување на стратегијата

Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 е изготвена од страна на работна група номинирана од Националното координативно тело за следење и оценка на имплементацијата на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 (НКТ). Работната група е составена од претставници од релевантните национални институции, невладини организации и меѓународни организации[3].Усвоениот пристап во изготвувањето на стратегијата кој што се темели на партиципативност и партнерство воспоставува обврзување на сите релевантни чинители кои се вклучени во имплементацијата на активностите за спречување и заштита од семејно насилство на национално ниво.

Стратегијата е изготвена според искуствата и научените лекции од сите национални институции, невладини организации и меѓународни организации во имплементацијата на активностите на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011. Националните и меѓународните документи за семејното насилство беа важен извор на информации за стратегијата. Должно внимание се посвети на научните истражувања за семејното насилство на меѓународно и на национално ниво, што овозможи драгоцена перспектива.

Првиот чекор при изготвувањето на стратегијата беше анализа на состојбата на полето на спречување и борба со семејното насилство, што вклучуваше неколку активности: преглед на регулаторната рамка и релевантното национално законодавство, вклучително и стратешките документи и политики поврзани со семејното насилство; Преглед на состојбата со имплементација на годишните акциски планови на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011; Преглед на годишните извештаи, записниците за работни состаноци на НКТ, проценки на релевантните национални институции, како и анализи и извештаи од меѓународните организации; Оценка на статусот на имплементацијата на Стратегијата 2008-2011, вклучително на идентификација на пречките и предизвиците, како и силните страни. Доминантен метод кој се примени е анализа на документи комбиниран со хронолошко-тематскиот метод и дискусии во фокус групи.

Особена придобивка на применетата методологија на работа е одржувањето на дискусии со фокус групи на локално ниво. Фокус групите имаат мулти-секторски карактер, а учесниците се селектирани според улогата во превенција и одговорност за заштита во областа на семејното насилство.

Покрај недостатокот на сеопфатни научни истражување за семејното насилство во земјата, евидентно е и отсуство на редовно собирање на статистички податоци за преваленцата, инциденцата и видовите на семејно насилство. Единствена официјална статистика за случаи на семејно насилство се води во Министерството за внатрешни

3 Види Анекс I- Членови на работната група

работи и во Министерството за труд и социјална политика. Податоците кои ги собираат и анализираат двете наведени министерства ги прикажуваат само бројот на пријавени случаи и видовите на обезбедени услуги, и оттука не ја одразуваат вистинската слика за распространетоста на семејното насилство и за сите видови на семејно насилство. Оттука, стратегијата поаѓа од податоците за семејното насилство кои се добиени од три национални истражувања во последните две години[4].

При изготвувањето на стратегијата присутен е широк консензус меѓу релевантните чинители за стратешките цели и приоритетните политички мерки кои треба да се преземат во периодот кој доаѓа. Земени се во предвид анализите и препораките кои се вклучени во Извештајот на ЕУ за напредокот на земјата за 2011 во делот за борбата против семејното насилство. Техничката експертиза обезбедена одзаедничката програма за семејно насилство на организациите на ОН, „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство"суштински придонесе кон развивањето на Стратегијата.

Препораките од домашни и меѓународни анализи беа искористени како клучни точки за одредување на приоритети и методологија за изготвување на Националната стратегија за спечување и заштита од семејно насилство 2012-2015.

Истовремено, при изработката на Стратегијата земени се предвид и препоракитена Ад Хок-Комитетот за спречување и борба против насилството врз жената и домашното насилство (CAHVIO) кој беше формиран за изработка на текст на Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба со насилството врз жената и домашното насилство, која Република Македонија ја потпиша во 2011 година.

Стратегијата се потпира на стратешки документи, меѓународни документи и национална легислтаива[5]:

4 „Запоставени и жигосани"- Анализа на состојбата со сексуална злоупотреба на деца, УНИЦЕФ, 2010; Преваленца на злоупотреба на стари лица, СЗО, 2012 ; Национално истражување за семејно насилство,УНДП,2012.

5 Види Анекс II





# Прв дел

## 1.1. Анализа на состојбата

Анализата на состојбата опфаќа прегледи приказ на спроведените истражувања во земјата кои опфаќаат семејно насилство, преглед на статистичките податоци за пријавени случаи на семејно насилство пред надлежните институции и преземените активности, анализа на законската рамка, како и преглед на имплементираните активности предвидени со Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011.

### 1.1.1 Преглед на спроведените истражувања во земјата кои опфаќаат семејно насилство

Во периодот на имплементација на Националната стратегија 2008-2011, феноменот на семејно насилство во земјата беше предмет на научни истражувања посветени на утврдување на распространетоста, динамиката, карактеристиките на семејното насилство и за утврдување на обемот, манифестациите и ризиците за семејно насилство кај децата и кај старите лица. Истражувачките резултати добиени од спроведените национални истражувања се важни за адекватно планирање на стратешките активности во Стратегијата, а особено е потребно да се земат предвид специфичните проблеми на особено ранливите групи, вклучително на деца, стари лица, жени од руралните средини, лица со инвалидитет.

1. *„Национално истражување за семејно насилство"* е спроведено од БРИМА-Скопје во 2012 година, со поддршка на УНДП, во рамките на Заедничка програма на организациите на ОН, „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство". Истражувањето опфаќа мажи и жени на возраст над 15 години и е спроведено на репрезентативен примерок од 2100 граѓани. Примерокот е дизајниран од Државниот завод за статистика и вклучува 300 случајно избрани истражувачки единици стратификувани според регион и урбани/рурални средини. Во секоја истражувачка единица слектирани и интервјуирани се 7 испитаници. Во истражувањето се применети квантитативни методи за национални истражувања во согласност со *UNODC-UNECE Manual on Victimization Surveys.* Теренското собирање на податоци се одвиваше во периодот 27 март до 4 април 2012 година со примена на лице в лице интервју во домот на испитаниците.

Примарна цел на истражувањето е да обезбеди сеопфатна анализа на причините за семејно насилство, видовите, инциденцата, преваленцата, и сериозноста на насилство. Исто така, со истражувачките резултати се адресира знаењето, сфаќањата, перцепциипе и стереотипите кај јавноста во врска со семјеното насилство, како и ефектите од кампањите против семејно насилство.

Според истражувачките резултати,

- Машките членови на домаќинствата во поголем процент се сторители на семејно насилство отколку женските членови. Понатаму, сторители на насилството се повеќе членови на домаќинството. Од друга страна, и покрај методолошките ограничувања на студијата, претежно жените се погодени со сите видови на семејно насилство
- Во домаќинства каде се случува насилство, тоа се случува често. Бројот на виктимизации укажува на повисока инциденца на насилство во споредба со преваленцата во последните 12 месеци.
- Генерално, за целата популација утврдена е преваленца за сити видови на семејно насилство од 37,7%, а само за жените е повисока (39,4%), додека за мажите е пониска (35,5%).
- Преваленцата на насилство кај жените е повисока отколку кај мажите (разлика од 4.1 процентни поени), жените доживуваат релативно многу повеќе насилство отколку мажите ( разлика од 17.6 процентни поени) и исто така постои повисок соодност во рамките на групата жени.
- Истовремено, посебен ризик да доживеат семејно насилство постои кај помладите жени, а кај жените на возраст до 49 години постои повисока преваленца отколку просечната преваленца на семејно насилство кај жените (39.4%).
- Меѓутоа, и кај најмладата возрасна група на мажи (15-29 години) постои многу висока преваленца на семејно насилство (над просечната преваленца од 35.5%). Имајќи ја предвид генерално младата структура на популацијата во земјата, ваквиот податок е алармантен.
- Високата преваленца на семејно насилство меѓу младите е под големо влијание на неколку економски варијабли, како што се вработување, продуктивност, инвестирање во човечки капитал, големо влијание врз краткорчните и долгорочните здравствени резултати, итн.
- Кога станува збор за мажите, само за возраста и за местото на живеење е утврдено дека имаат големо влијание врз веројатноста за психолошко или физичко насилство.
- Според истражувачките резултати, повеќе од една третина од населението (36.8%) во Република Македонија доживеале некој облик на психолошко насилство во семејството. Најголем дел од психолошкото насилство што се случува во домаќинствата во Република Македонија најчесто е придружено со гнев, рестрикции, забрани, сомничавост, контролирачко однесување. Економското насилство и насилството кое вклучува навредување, омаловажување и заканување се случува во многу помал дел од домаќинствата.
- Физичкото и сексуалното насилство имаат ниска преваленца, што може да се објаснува со методолошките ограничувања на студијата. Но, кај физичкото насилство, преваленцата кај жените е три пати повисока отколку кај мажите. Исто така, процентот во рамките на групата жени е три пати повисок и концентрацијата на жени кои доживеале физичко насилство го надминува овој сооднос (78% од сите испитаници кои изјавиле дека доживеале физичко насилство се жени). Анализата според возраст упатува на заклучок дека меѓу испитаници кои доживеале физичко насилство постои голема концентрација во постарите возрасни групи за жените, а во помладите возрасни групи за мажите. Речиси 60% од жените испитанички кои доживеале физичко насилство се на возраст од 30-64 години.
- Доминантни сторители на сите три вида на насилство се мажи: 53% кај психолошко насилство, 76% кај физичко насилство и 100% кај сексуално насилство.Според односот на сторителот со жртвата кај психолошкото насилство, 34% од сторителите се родителите, додека 56% се или сопругите или сопрузите. Заслужува внимание податокот дека 10% од психолошкото насилство е извршено од страна на други членови на домаќинството. Малку поразлична е дистрибуцијата на сторители според односот со жртвата кај физичкото насилство. Имено 41% од физичкото насилство го извршувале сопрузите, а 31% од физичкото насилство е извршено од родителите. Другите членови на домаќинството исто така имаат големо учество во извршувањето на физичкото насилство (18%).



Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015)

- Најзначајни фактори кои ја зголемуваат веројатноста за насилство врз жените се нивната возраст, образовен статус, број на деца кои живеат во домаќинството, местото на живеење (урбана или рурална средина). Образовниот статус е тесно поврзан со вработеноста и другите економски фактори.
- Економската зависност на жените од мажите, истовремено претставува последица и фактор за објаснување на поголемиот ризик за насилство. Жените кои не се вработени, односно активни имаат многу повисока преваленца на насилство отколку просечната преваленца, додека жените кои се вработени имаат пониска преваленца. Покрај тоа, повеќето жени кои доживуваат насилство се невработени односно неактивни (вкупно 80%), додека вработените жени кои доживуваат насилство учествуваат со околу 20% во вкупниот број на жени кои доживуваат насилство. Економските варијабли имаат големо значење за разбирањето на преваленцата на семејното насилство во Република Македонија. И според статусот на вработеност и според нивото на задоволување на трошоците за домаќинството, истражувачките резултати конзистентно покажуваат дека жените се во многу поголем ризик од доживување на насилство отколку мажите.
- Многу тесно поврзан со статусот на вработеност и сиромаштијата е и степенот на образование. Според истражувачките резултати постои обратно пропорционална врска меѓу степенот на образовани е ризикот за доживување насилство кај жените. Имено, колку е понизок степенот на образование толку е повисок ризикот за доживување насилство кај жените. Многу повисока преваленца на семејно насилство е присутна кај жените со основно или незавршено основно образование, речиси 80% од испитаничките со основно или пониско образование се изјасниле дека доживеале некој вид на насилство во домаќинставата во кои моментално живеат, што го сочинува половина од примерокот на жени.
- Според етничка припадност, жените од македонска и од српска етничка припадност имјаат пониска преваленца на семејно насилство отколку жените од другите етнички заедници. Состојбата на жените од ромската етничка заедница е особено алармантна со забележана преваленца од 72,2%.
- Според местото на живеење, урбана или рурална средина, преваленцата на семејно насилство во рурална средина е повисока и за мажите и за жените. Но, преваленцата за жените во рурална средина е многу повисока отколку за мажите (разлика од 7 процентни поени), додека во урбана средината разликата со мажите е околу 2 процентни поени.
- Постои јасна директна врска меѓу преваленцата на семејно насилство и бројот на членовите на домаќинството, односно, преваленцата расте со зголемување на бројот на членови на семејството.
- Испитаниците кои искусиле насилство во семејството најчесто се обратиле во полиција, Центрите за социјална работа и во здравствени установи. Меѓутоа, според вид на насилство и според карактеристика на испитаникот, најчесто контактирани институции или најчесто побарана поддршка потпаѓа под категоријата „друго" што опфаќа семејство и верски институции. Всушност, повеќе од три четвртини од случаите не се пријавени во ниту една јавно достапна служба.
- Кај испитаниците со македонска етничка припадност постои најголема веројатност и воедно се единствената етничка заедница која би пријавила случај на виктимизација во државните служби. Испитаниците со албанска етничка припадност, доколку го пријават случајот на насилство, тоа најверојатно би го сториле во здравствените установи.
- Во случај на насилство поверојатно е испитаниците дека за случајот ќе известат близок член на семејството отколку да пријават во институциите. Меѓу институциите кои се идентификувани од испитаниците како места каде најчесто би пријавиле случај на насилство се полицијата (33%), а следни на листата се социјалните работници (11%). Меѓутоа, високи 24% од испитаниците се изјасниле дека не би кажале никому за случајот, додека 19% би им кажале на родителите.

- Во врска со задоволството со квалитетот на услугите што се добиваат, испитаниците изразиле висок степен на задоволство со услугите кои ги обезбедуваат невладините организации и здравствената заштита.
- Од аспект на активностите кои се спроведувани во изминатиот период за подигнување на јавната свест за феноменот на семејното насилство, 73% од испитаниците се изјасниле дека се запознати со кампањата и исто така позитивно се произнеле за кампањата. Меѓутоа, само неколкумина го памтеле главниот слоган на кампањата[6].

2. Националното истражување, *„Преваленца на злоупотребата на стари лица“*, кое го спроведе Институтот за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје во 2011 година, со поддршка на Светската здравствена организација имаше цел да го истражи феноменот на насилство и злоупотреба на стари лица и да овозможи идентификација на преваленцатана семејно насилство и злоупотребата врз стари лица, да ги идентификува доминантните облици на насилство и злоупотреба на стари лица и да ги идентификува сторителите. Истражувањето е прво од овој вид во земјата и е инспирирано од идентификацијата на злоупотребата на стари лица како здравствен проблем во Националниот извештај за насилство и здравје[7].

Истражувањето е спроведено на територија на Република Македонија на стратификуван репрезентативен примерок и опфатило 960 испитаници (429 мажи и 530 жени) на возраст над 65 години кои живеат во приватни домаќинства. Теренското истражување е спроведено во текот на декември 2011 година со примена на лице в лице истражувачка метода и прашалник како техника за собирање на податоци[8].

- Според истражувачките резултати, 34,6% од лицата на возраст над 65 години искусиле некаков облик на насилство, злоупотреба или запоставување;
- Најголем број од испитаниците искусиле еден вид на злоупотреба (59.02%), додека 24,78% од испитаниците искусиле 2 вида на злоупотреба, а 16,2% искусиле повеќе од 3 вида на злоупотреба;
- Психолошката злоупотреба е најзастапен облик на насилство, односно 25,73% од испитаниците изјавиле дека искусиле психолошка злоупотреба, 11,98% од испитаниците искусиле финансиска злоупотреба, додека 8,86% од испитаниците искусиле физичка злоупотреба и повредување. Запоставувањето е присутно кај 6,53% од испитаниците. Најмалку застапен облик на насилство е сексуалната злоупотреба (1,35%);
- Најчести сторители на насилството врз старите лица се партнерот или сопругот, синот и снаата. Зависно од видот на насилството, доминантна позиција на сторител имаат партнерот, синот или снаата. Најчест сторител на психолошко насилство е синот (29,55%), па потоа следи партнерот (25,51%) и снаата (22,62%). Физичкото насилство најчесто е извршено од партнерот (30,91%), снаата (23,64%) и синот (20.00%). Сторител на финансиско насилство во 47% е синот и партнерот во 10%. Доминантен сторител на сексуално насилство е партнерот или лице кое жртвата го познава.
- Постарите жени се многу почесто жртви на сите видови на насилство. Полот има значење на релевантен фактор на ризик за насилство врз стари лица. Однесувањето на сторителот може да се поврзе со биолошките карактеристики, односно жените се физички послаби и обично неможат да се одбранат. Од истражувачките резултати очигледно е дека жените се најчесто изложени на сите видови на насилство само заради тоа што се жени.
- Покрај полот како доминантен фактор на ризик за насилство врз стари лице, образованието, односно пониският степен на образование е фактор на ризик за насилството. Депресијата е трето рангиран фактор на ризик, односно старите лица со понизок степен на депресија се поизложени на насилство отколку лицата со повисок степен на депресија.

Адресирањето на прашањето за насилството врз старите лица во Република Македонија ја зголемува видливоста на овој општествен феномен, со што на жртвите им се овозможува да го препознаат сопственото право на живот без насилство, а на сторителите да ги препознаат сопствените модели на однесување и последиците.

3. Во рамките на истражувањето *„Запоставени и жигосани“- Анализа на состојбата со сексуална злоупотреба на деца,* кое го спроведе Институтот за социолошки и политичко правни истражувања-Скопје во 2009 година, со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ-Скопје се анализирани постоечките податоци, како и динамиката и појавата на сексуалната злоупотреба на децата во земјата. Анализирани се и постојните капацитети на државните институции за заштита на децата од сексуална злоупотреба. Студијата е дизајнирана со цел да се идентификуваат обемот и појавните облици на сексуалната злоупотреба на деца во земјата, да се утврдат карактеристиките на децата жртви на сексуална злоупотреба и да се профилираат сторителите на ваков вид злоупотреба, како и да се откријат околностите кои придонесуваат за сексуална злоупотреба на деца.

Истражувањето е спроведено меѓу 1 јули и 30 ноември 2009 година, а собраните податоци се однесуваат на периодот јануари 2004 до јуни 2009 година. Опсегот на истражувањето е заснован на евидентираните случаи во институциите на системот (Центри за социјална работа и судовите). Исто така во истражувањето се вклучени и професионалците од системот (вработени во полицијата,ЦСР, училиштата, градинките и здравствените установи).

- Според истражувачките резултати, официјалната статистика дава само дел од сликата за сексуалната злоупотреба на децата, односно не обезбедува информации за застапеноста на различните форми на сексуалната злоупотреба на деца, што е резултат на методологијата на водењето на статистиката, според сторител, а не според жртвите.
- Поголем дел од децата кои биле сексуално злоупотребени се девојчиња, односно во 78% од случаите. Од друга страна, најголемиот број сторители биле мажи (93%). Иако девојчињата се почесто застапени во вкупната бројка на деца жртви, момчињата на возраст до 6 години се почести жртви во споредба со девојчињата на нивна возраст. Со зголемување на возраста ризикот од сексуална злоупотреба се зголемува кај девојчињата.
- Според етничката припадност, иако најголемиот број на деца-жртви се од македонска етничка припадност, најранлива етничка група се децата Роми, додека најмалку се застапени случаи со деца-жртви од албанска етничка припадност.
- Децата-жртви живеат во поголеми семејства во споредба со општата популација. Неретко, тие потекнуваат од семејства кои се соочуваат со низа други проблеми: лоши услови за домување (31%); невработеност кај родителите (кај 25% двајцата родители се невработени); и зависност од редовното исплаќање на социјална помош (34%). Домашното насилство е пријавено кај четвртина од овие семејства.
- Истовремено, според истражувачките резултати децата се изложени на најголем ризик од сексуална злоупотреба од луѓе во нивното најтесно опкружување. Во само 12,5% од случаите, сторителот му бил непознат на детето.
- Мнозинството од лицата осудени за сексуална злоупотреба на деца (83%) биле примарни престапници.
- Етничкиот состав на осудените сторители на сексуална злоупотреба покажува дека тие припаѓаат на сите етнички заедници кои живеат во земјата[9].

6 Вилагоземз, Е., Рикаловски, В., Поповска, Љ. (2012), „Национално истражување за семејно насилство“, УНДП. Скопје.
7 Извештај за насилство и здравје во Македонија и прирачник за превенција. (2006),
8 Марковиќ, М.,Јорданова Пешевска Д., Сети, Д., Серафимовска Е.,Кишман М. (2012), „Преваленца на злоупотреба на стари лица“, СЗО. Скопје.
9 Чачева, В. и Мирчева, С., (2010)„Запоставени и жигосани“- Анализа на состојбата: сексуална злоупотреба на деца. УНИЦЕФ. Скопје, стр.8.

### 1.1.2. Статистички податоци за пријавените случаи на семејно насилство пред надлежните органи

Прикажувањето на статистичките податоци за пријавени случаи на семејно насилство во институциите е насочено кон добивање на слика за динамиката на пријавеното семејно насилство, како и пружените услуги на жртвите, што секако претставува само загребување по површината на актуелната состојба со семејно насилство во Република Македонија. Во секој случај многу е тешко и речиси неизводливо да се презентираат прецизни податоци за вкупниот број на жртви на семејно насилство, бидејќи прибирањето на податоци кои се однесуваат на феноменот на семејно насилство сеуште не е консолидиран. Ваквата состојба резултира со намалена валидност на податоците.

Во овој документ се прикажани статистичките податоци за пријавеното семејно насилство кои ги собираат и обработуваат две институции, Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика. Воедно, тоа се и единствените институции на системот кои имаат изградено сопствена специфична методологија на собирање и водење на статистички евиденции за пријавените случаи на семејно насилство.

Во следниот графикон се прикажани податоци за бројот на регистрирани случаи на семејно насилство во Министерството за внатрешни работи во периодот 2008-2011 година. Евидентно е дека податоците се собираат за кривични дела на семејно насилство, и за прекршоци и за поплаки. Забележлив е постојан тренд на благо зголемување на пријавените кривични дела на семејно насилство, релативно воедначена осцилација во евидентирањето на прекршоците, но изразен тренд на зголемување на поплаките на семејно насилство.

**Графикон 1. Вкупен број на регистрирани кривични дела, прекршоци и поплаки за семејно насилство според Анализата на МВР за период 2008-2011**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|
| кривични дела | 378 | 404 | 481 | 593 |
| прекршоци | 730 | 676 | 724 | 655 |
| поплаки | 3671 | 4034 | 3737 | 4609 |

*Извор: www.moi.gov.mk

Истовремено, статистичките податоци се расчленети според пол на жртвата и сторителот, релација меѓу сторителот и жртвата, вид на кривично дело и на прекршок и според место на пријавување.

Во Графиконот бр. 2 се претставени пријавените сторители на семејно насилство според пол. Очигледно е дека доминантно како сторители се пријавени лица од машки пол, додека учеството на жените во пријавени сторители е симболично во однос на мажите.



Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015)

**Графикон 2. Сторители на семејно насилство според пол**




Од друга страна, сосема спротивно на Графиконот 2, во Графикон 3 каде е претставена половата структура на жртвите, сосем е очигледно дека доминантни жртви на пријавеното семејно насилство се жени, додека како сторители доминираат лица од машки пол.

**Графикон 3. Жртви на семејно насилство според пол**




Во однос на релацијата меѓу жртвата и сторителот, статистичките податоци на МВР за пријавени сторители на семејно насилство укажуваат дека доминантна жртва на сите видови на семејно насилство е сопругата. Кај сексуалното насилство сопругата е единствена жртва, додека кај психолошкото насилство покрај сопругата забележливо е учество во својство на жртва на мајката, на поранешна сопруга, син, додека многу помалку како жртви се застапени сопругот и таткото. Од друга страна кај физичкото насилство иако доминира сопругата како жртва, забележливо е зголемено учество на таткото како жртва. Кај најтешките облици на физичко насилство изразени преку кривичното дело „убиство" покрај сопругата, следна доминантна жртва е синот.

**Графикон 4. Структура на жртви според релација со сторителот**




Втора институција која собира статистички податоци за семејното насилство е Министерството за труд и социјална политика (МТСП). Овие податоци е се однесуваат пред се на структурата на жртвите и на видот на пружените услуги.

Во разгледуваниот период 2008-2011 година, забележлив е генерален пораст на активностите на Центрите за социјална работа во врска со случаите на семејно насилство. Имено, во Графиконот 5 е прикажана динамиката на пријавување на семејно насилство во МТСП, заедно со преземените активности според години. Неспорен факт е дека многу мал број на жени-жртви се јавуваат како корисници на услугите, но забележлив е осцилирачки тренд во пријавувањето кој истовремено покажува минимален пораст. Од друга страна, покрај евидентниот мал број на жени-жртви корисници на услугите, во делот на спроведени активности забележлив е континуиран и стабилен пораст на мерките кои Центрите ги предлагаат до судот, како и во изречените мерки од страна на судот. Од друга страна сместувањето на жртвите во засолниште е релативно стабилно од година во година. Во истражуваниот период од 4 години бројот на предложени мерки за заштита на жртвите е зголемен за повеќе од два и пол пати, што е проследено со ист сооднос на изречените мерки. При интерпретацијата на статистичките податоци во поглед на активностите на МТСП во однос на пријавеното семејно насилство воочливо е отсуство на механизми за следење и мониторинг на ефикасноста на мерките и тоа е предизвик за новата стратегија. Овие податоци можат да се интерпретираат во светло на зголемената свест кај населението за општествената нетолеранцијата кон овој феномен и консеквентниот институционалниот одговор.

**Графикон 5. Активности на МТСП во однос на пријавено семејно насилство**




| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|
| пријавено СН | 645 | 751 | 651 | 733 |
| Доставени до суд | 88 | 101 | 158 | 251 |
| Изречени мерки | 37 | 79 | 137 | 183 |
| засолниште | 22 | 28 | 25 | 27 |





Покрај динамиката на предложени и изречени мерки, исто така интересна за набљудување е и структурата и динамиката во структурата на изречени мерки на заштита. Во истражуваниот период од две години забележлив е генерално пораст во изрекувањето на мерките за заштита. Истовремено, изразен е неколкукратен пораст во изрекувањето на мерката задолжително лекување на насилникот. Следна мерка која има забележлив пораст од година во година е мерката забрана за вознемирување, проследена со мерката забрана за заканување. Исто така, постои пораст во изрекувањето на мерките враќање на предметите од страна на насилникот кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството, како и мерката за посетување на соодветно советувалиште од страна на насилникот.

Од друга страна забележливо е опаѓање во изрекувањето на мерките забрана за приближување, забрани за поседување огнено или друго оружје или одземање на поседуваното оружје и мерката за задолжително издржување на семејството.

**Графикон 7. Структура на изречени мерки на заштита**




Во поглед на етничката структура на жртви, доминираат жртвите од македонска етничка припадност со релативно стабилна динамика во текот на годините. Застапеноста на жените македонки во вкупната структура на жени жртви кои се евидентирани од ЦСР соодветствува со учеството на жени со македонска етничка припадност во вкупната структура на жени во земјата.

Загрижува постојаното опаѓање на жените од ромска етничка припадност што има карактер на континуирано и постојано опаѓање, додека жените од албанска етничка припадност исто така бележат опаѓање во вкупната структура на жени жртви кои користеле услуги од ЦСР. Ваквиот податок оособено треба да предивика продлабочена анализа во МТСП за причините кои доведуваат до опаѓање на жените Ромки и Албанки во структурата на корисници на услуги од областа на семејното насилство.

**Графикон 6. Структура на жртви според етникум**




| | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| Друго | 20 | 43 | 27 |
| Ромки | 81 | 60 | 51 |
| Албанки | 89 | 90 | 69 |
| Македонки | 561 | 458 | 577 |

### 1.1.3. Правна рамка за справување со семејно насилство

#### 1.1.3.1. Казнено правна заштита

Македонскиот казненоправен систем разликува кривични дела сторени во контекст на семејно насилство[10]. Не се предвидува поединечна, посебна инкриминација на семејно насилство во кривичниот законик. Напротив, насилничкото однесување сторено против член на семејство или против лице во блиска, интимна врска е инкриминирано во повеќе постоечки кривични дела. Идејата на ваквото решение е заснована на сериозноста на штетата од определено казниво однесување. Имено, усвоен е пристапот дека семејното насилство е исто толку тешко кривично дело како и постоечките тешки кривични дела. Но, истовремено го дефинира и како специфично казниво однесување, со тоа што односот на блискост и интимност меѓу сторителот и жртвата станува квалификаторен елемент.

Казненоправната забрана на семејно насилство го определува и односот на државата кон семејството, односно се прифаќа начелото на официјалност кај гонењето за кривични дела на семејно насилство. Фактот дека кога делото е сторено при вршење семејно насилство, гонењето се презема по службена должност и казната е построга во однос на основниот облик, упатува на посебна заштита на членот на семејството од страна на државата.

Дефиницијата на семејно насилство содржана во Кривичниот законик ги утврдува видовите на семејно насилство, дејствијата на извршување, предизвиканата последица, својството на сторителот и објектот на заштита. Па така, македонското кривично право познава сексуално, психичко и физичко насилство - како облици на семејно насилство. Оттаму и кривичните дела коишто вклучуваат семејно насилство се разместени во различни глави на КЗ врз основа на различниот објект на заштита (Глава XIV - Кривични дела против животот и телото; Глава XV - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот; Глава XIX - Кривични дела против половата слобода и половиот морал). Следната карактеристика на актуелното законско решение е дека, местото на извршување на насилството, односно дали станува збор за јавно место или се случува во приватноста на домот, нема никакво значење за постоење на делото. Истовремено, не постои одредба која посебно ги штити децата кога се сведоци или ги гледаат последиците од семејното насилство.

10 Види поопширно, Мирчева, С. (2011)„„ Анализа на националната легислатива и идентификување на основните области кои треба да се усогласат со одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – САНVIO", УНДП.Скопје





Интенцијата на законодавецот семејното насилство да го инкриминира како квалификувано кривично дело несомнено се засновува на потребата од ефикасна казненоправна заштита на жртвите на семејно насилство. Законските решенија содржат јасна порака за решеноста на државата да преземе ригорозни мерки во спречувањето на насилството во семејството и да обезбеди заштита на жртвите. Имено, квалификуваноста подразбира два аспекта: пропишување на повисоки казни, и преземање на гонењето по службена должност кај сите кривични дела на семејно насилство. Само кај кривичното дело - Телесна повреда, гонењето зависи од волјата на жртвата изразена преку поднесен предлог. Токму сериозноста на последицата што е предизвикана со кривичното дело, чувство на несигурност, загрозување или страв, во комбинација со својството на сторителот, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица што живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, во семејното опкружување, во домот или во личните односи каде што луѓето треба да се чувствуваат најбезбедни, ја детерминира квалификуваноста на основното кривично дело. Понатаму, најтешките кривични дела се гонат по службена должност бидејќи со нив се загрозуваат темелните вредности кои се штитат со Кривичниот законик, со што се потврдува интенцијата на законодавецот да ја изедначи казненоправната заштита од насилство во јавната и приватната сфера.

За кривични дела во контекст на семејно насилство предвидени се затворски казни кои се движат од три месеци до десет години или доживотен затвор. Со најновите измени од 2009 година (Сл. весник на Република Македонија, бр. 114/2009), за прв пат, во рамките на заштитниот надзор кај условната осуда се воведува обврската за „посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство", а е применлива во 2011 година.

Казненото законодавство поминува длабока реформа, што резултираше со усвојувањето на нов Закон за кривична постапка во ноември 2010 година[11]. Сеопфатноста на промените бараше новиот закон да има одложена примена.

Формалниот почеток на кој било стадиум на кривичната постапка не значи и заштита на жртвата на семејно насилство од ново насилство и загрозување. Македонското казнено право оперира со поим оштетен од кривично дело, „оштетен е секое лице жртва на кривично дело кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело" (чл. 139 од ЗКП). Терминот жртва за прв пат се воведува со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008), при што „под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело." Истата дефиниција на жртва е прифатена и во одредбите на Законот за измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија", бр. 83/2008).

Оштетениот, односно жртвата во кривичната постапка не е процесна странка и има својство на спореден процесен субјект. Оштетениот е носител на определени процесни права кога не се јавува како приватен или супсидијарен тужител, а доминантно овие права се сведуваат на активно учество во пријавување на имотноправно барање во кривичната постапка. Исто така, интенцијата на македонската казнена постапка е да ги зголеми процесните права на оштетениот и да ги избалансира со правата на обвинетиот.

Но, од аспект на жртви на семејно насилство, примарно е прашањето на третманот од целокупниот казненоправен систем, во сите фази на постапката во однос на обезбедување заштита од нова виктимизација и остварување на интересите и потребите на жртвата. Традиционално, целокупниот казненоправен систем е насочен кон кривичното дело и кон сторителот и не е засегнат со потребите на жртвите и нивниот третман низ кривичната постапка.

11 Законзакривичнапостапка (СлужбенвесникнаРепубликаМакедонија, бр. 150/2010)

**1.1.3.2. Положба на жртва на семејно насилство според новиот ЗКП**

Реформата на македонското казнено законодавство прави сериозен исчекор во поглед на правата на жртвите. Новиот ЗКП ги усвојува и ги дефинира поимите на жртва и оштетен, при што јасно се издиференцирани двата поима. Акцентот се става на правата на учество во постапката и правата на информирање, заштита, помош и поддршка, и обесштетување[12].

Од особено значење е одредбата за основните права на жртвите содржана во членот 53 од новиот ЗКП. Предвидените основни права на жртвата се состојат од правото да учествува во постапката како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотноправното барање за штета, право на посебно внимание и грижа од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка, право на делотворна психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на жртви за кривични дела.

Покрај дефинирањето на основните права на жртвите, особена придобивка на новиот ЗКП е воведувањето на посебни права за жртвите. За прв пат се препознаваат ранливи категории на жртви. Членот 54 предвидува посебни мерки на процесна заштита при давањето исказ и испитувањето на жртвите во сите фази на постапката. Се разликуваат загрозени жртви и посебно чувствителни жртви.

Посебен основ за уживање на посебни мерки на процесна заштита е возраста односно малолетноста, потоа загрозувањето на личната сигурност на жртвата, како и околностите и својствата на жртвата кои можат негативно да влијаат врз квалитетот на дадениот исказ. Посебните мерки ги определува судот, а иницијативата може да потекне од самиот суд, од жртвата или од јавниот обвинител. Волјата на жртвата за изрекување на посебна мерка на процесна заштита, мора да се земе предвид. Судот може да определи една мерка на процесна заштита или неколку мерки истовремено

Покрај дефинирањето на ранливи категории жртви и нивните посебни права, новиот ЗКП исто така обезбедува посебни права на жртвите на две групи кривични дела, односно делата против половата слобода и половиот морал и делата против човечноста и меѓународното право. Посебните права на жртвите на овие групи на кривични дела говорат за родово сензибилизирање за потребите на жртвите. Особено, потребите на жените-жртви се адресираат со правото жртвата да биде испитувана од лице од ист пол уште при давањето на првата изјава во полицијата и во обвинителството, правото да не одговори на прашања што се однесуваат на личниот живот на жртвата а не се поврзани со кривичното дело, да бара испитување со помош на визуелно-тонски средства и да бара исклучување на јавноста на главната расправа. За сите овие права, жртвата мора да биде поучена пред нејзиното прво испитување и истото да се констатира во писмена форма. Овие права на жртвата не се само декларативно дадени, туку постои обврска кај полицијата, обвинителството и судот да осигураат дека жртвата ги знае своите права. Кога станува збор за кривични дела сторени во контекст на семејно насилство, задирањето во личниот живот на жртвата на семејно насилство е нужно поврзано со делото и оттука неопходно, но виктимизацијата се намалува преку примената на другите права, а особено правото на бесплатен советник или полномошник, исклучување на јавноста, како и користење на визуелно-тонски средства при испитувањето, односно избегнување на личен контакт со обвинетиот. Очигледно е дека жртвите на психичко и физичко насилство опфатени во Глава XV - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и во Глава XIV - Кривични дела против животот и телото (освен убиство), не ги уживаат овие посебни права. Особено, правото на бесплатен советник или полномошник и давањето исказ преку визуелно-тонски средства има специфично значење за жената-жртва на семејно насилство во кривичната постапка. Жените-жртви на насилство и на семејно насилство, како специфичен вид на родово засновано насилство не се идентификувани ниту во новиот ЗКП како категорија на жртви кои имаат посебни потреби и интереси и треба да уживаат посебни права.

12 Види поопширно, Мирчева, С. (2011),„ Анализа на националната легислатива и идентификување на основните области кои треба да се усогласат со одредбите на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство – CAHVIO“, УНДП.Скопје





**1.1.3.3.Мерки за заштита на жртвата на семејно насилство во граѓанска постапка**

Обезбедување на сигурност и заштита на жртвата од идно насилство, односно помош за надминување на последиците од доживеаното насилство, како и создавање на услови за нејзина интеграција во социјалната средина, се основните цели кои се задоволуваат преку системот на мерките за помош, подршка и заштита, воспоставен со Законот за семејството. Во рамките на овој систем, утврдена е надлежноста на органите, институциите и невладиниот сектор, обврската за взаемно известување и соработка, иницирањето на постапките и следењето на преземените мерки на заштита и изречените привремени мерки на заштита.

Мерките за заштита ги преземаат центрите за социјална работа, а судот може да определи привремена мерка на заштита од семејно насилство. Центрите за социјална работа (ЦСР) се должни да преземат мерки за заштита секогаш кога имаат сознание дека над некое лице е сторено семејно насилство. За заштита на жртвата на семејно насилство ЦСР може да преземе мерки кои се однесуваат на: нужно сместување, здравствена заштита, продолжување на образование, психо-социјална интервенција и третман, советување, правна помош и застапување, известување на органите за прогон, барања за изрекување привремени мерки на заштита, и секоја друга мерка за која ќе оцени дека е неопходна. За преземање на овие интервентни мерки доволно е ЦСР да има сознание, а не е потребен повисок степен на сомнение. Посебна карактеристика на интервентните мерки на заштита кои ги презема ЦСР, како и привремените мерки на заштита кои ги определува судот, е дека се спроведуваат без оглед дали е покрената кривична постапка.

Привремените мерки на заштита кои судот ги изрекува се насочени кон запирање на насилното однесување преку изрекување на забрани, наредби и задолженија кон извршителот на семејното насилство.

Врз основа на следењето на имплементацијата на овој пропис, се овозможи со измените на Законот за семејството од 2008 година и самата жртва да може да иницира постапка за изрекување на привремена мерка на заштита пред надлежниот суд.

Следењето на спроведувањето на изречените привремени мерки е во надлежност на ЦСР. Извршувањето на привремените мерки кои се однесуваат на забрана за заканување, малтретирање, комуницирање, приближување, напуштање на домот и одземање на огнено оружје кое насилникот го поседува е обврска на полицијата која е надлежна според местото на живеење на жртвата. Полицијата има обврска да го извести судот за спроведувањето на привремената мерка. Извештајот, исто така, се доставува и до ЦСР кој е надлежен за следење на извршувањето на мерката.

Мерките на заштита центрите за социјална работа ги преземаат самостојно, но и во соработка со здруженијата на граѓани. Во оваа насока, уредено е кои мерки на заштита можат да ги спроведуваат здруженијата на граѓани, регистрирани во Регистарот на здуженија кој го води Министерството за труд и социјална политика, како и начинот на известување во насока на и соработката со центрите за социјална работа.,

Овој систем е поддржан со услугите за превенција, советодавна и советувалишна работа, како и форми на вонинституционална социјалната заштита. Имено, Законот за социјалната заштита дава основа за воспоставување на центри за времено згрижување на жртвата на семејното насилство, но и обезбедување на потребна психосоцијална подршка на жртвата, како и психосоцијален третман со извршителот на семејното насилство. Стручната работа се спроведува во советувалишта за жртви на семејно насилство и советувалишта за извршителите на семејно насилство.

Во системот на социјалната заштита се очекува проактивно учество на единиците на локалната самоуправа во препознавање на специфичните потребите од социјална заштита за граѓаните од своето подрачје, вклучително и за мерките на помош, поддршка и заштита од семејно насилство. Ова од таму што со донесувањето на Законот за социјалната заштита од 2009 година, општините имаат обврска за изготвување на локални програми за социјална заштита, кои ги доставуваат до Министерството за труд и социјална политика на мислење по однос на тоа колку се во согласност на националните програмски активности за развој на социјалната заштита.

Со цел за обезбедување на соодветни услуги од социјална заштита за граѓаните, воспоставан е механизам на следење на хуманитарни здруженија, здруженија на граѓани, верски заедници и нивни здруженија, религиозни групи и други непрофитни организации. Истите можат да се јават како обезбедувачи на социјални услуги само доколку имаат согласност од министерот за труд и социјална политика, врз основа на мислење од Комисијата за соработка со здруженија на граѓани. На овој начин се стекнува увид во дополнителното обезбедување на социјалните услуги, вклучително и обезбедувањето на дел од мерките на заштита на жртвите на семејно насилство, начинот и квалитетот во нивното обезбедување[13].

### 1.1.4. Резултати од Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011

Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година постави стратешка цел за воспоставување на сеопфатен и ефикасен систем во Република Македонија за заштита и превенција од семејно насилство, која се реализира преку намалување на појавата на семејното насилство и подобрување на квалитетот на заштитата со системски мерки во областите/домените на превенција, интервенција, едукација, следење и меѓусекторска координација.

Реализацијата на активностите е резултат на посветеноста, истрајноста и огромните заложби на професионалците во институциите, невладините организации, академската јавност, локалната самоуправа и бизнис заедницата, како и техничко-стручната помош и финансиска поддршка од Заедничка програма на организациите на ОН, „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство", преку директна финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија.

#### 1.1.4.1.Спроведени активности

Посебна цел 1: Воспоставување и развивање на мултисекторски координиран пристап во заштита на жртвите на семејното насилство

Владата на Република, по усвојувањето на Националната стратегија за заштита од семејното насилство 2008-2011 година, формираше Национално координативно тело составено од претставници на релевантните министерства и граѓанските здруженија. Со тоа се овозможи целосно координативен и партиципативен механизам за спроведување на овој документ и активно учество на здруженијата на граѓани. Ова тело имаше мандат за следење на спроведувањето на стратегијата, усвојување на акционен план за спроведување на стратешките цели, следење на прогресот, проценка на постигнатите резултати и изготвување на шест месечни извештаи и редовно известување на Владата на РМ за постигнатите резултати.

По однос на спроведувањето на националната политика, Координативното тело се покажа како добра практика. Но за поцелосно и поодговорно спроведување на стратешките активности и мерки, во рамките на секој сектор треба да се формираат интерни тела во кои ќе партиципираат соодветни преставници и кои ќе служат како подршка на преставникот во Националното координативно тело.

Интерресорската група изготви и Заеднички протокол за постапување во случај на семејно насилство со механизам за упатување.

Посебна цел 2:Превенирање на појавата на семејното насилство преку воспитно-образовниот процес

Заради исполнување на оваа посебна цел:

- Обучени се 9 советници од Биро за развој на образованието и 20 фацилитатори на Алгоритам центар за спроведување и следење обуки за креирање сеопфатна програма за превенција на насилство во основните училишта во Р. Македонија.

13 Ибид.





- Обучени се училишни лидери во 20 основни училишта. Од секое училиште се избрани по 4 училишни лидери, со цел креирање на училишна политика која ќе промовира и поттикнува ненасилно однесување во училишната средина.
- Спроведено е истражување за состојбата со насилството во училиштата и истражувачки извештај: „Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија". Исто така изработена е брошура: „Запирање на насилство во училиштата - водич за наставници", која е дизајнирани за наставниците, и истата нуди десет подрачја за акција со соодветни практични примери, со цел справување и спречување на насилството во училниците и училиштата. Некои од основните активности наставниците треба веднаш да ги применат во училницата, како што е употребата на конструктивна дисциплина и елиминирање на телесно казнување. Врз основа на ова брошура во иднина ќе се изработи прирачник за наставници. Организирана еднодневна сесија со меѓународен експерт за превенција на насилството во училиштата за националните тренери.
- Со измените и дополнувањата на Законот за основното образование (чл. 64-а) и на Законот за средното образование (чл. 58) во 2001 година стапи на сила советувањето на родителите, кое покрај тоа што има за цел да го подобри однесувањето на ученикот, истовремено е во насока на намалување на насилството и е голем детектор и на проблеми кои се поврзани со семејно насилство. Училишните психолози односно педагози го реализираат советувањето на родителите и за таа цел во 359 основни училишта и 99 средни училишта се обучени психолозите и педагозите, а е објавен и Прирачник за советување на родители на учениците.
- Изработен е Прирачник за спречување и заштита од дискриминација во воспитно образовниот систем во Република Македонија и е дистрибуиран до сите училишта.

Во однос на превенирањето на појавата на семејното насилство, постои потреба за преземање на натамошни ефикасни и координари активности во сите области. Во оваа насока потребно е донесување на локални планови за превенција и следење на нивната имплементација во рамките на локалните совети за превенција. Овој битен сегмент ќе овозможи согледување на состојбите и потребите за унапредување на превецијата од семејно насилство согласно утврдените состојби во локалната заедница.

Посебна цел 3: Едукација на професионалните структури

Значителни активности се спроведени за зајакнување на професионалните структури, при што особено се запази принципот на мултисектоска соработка и умрежување на локалните капацитети.

- Во оваа насока обучени се 559 професионалци од центрите за социјална работа, здравствените установи, воспитно-образовните установи, локалната самоуправа и граѓанските организации од 31 општина за мултиагенциска работа за борба против семејно насилство.
- 280 професионалци се обучени за употреба на изготвениот Протокол /Механизам за упатување за постапување на релевантните институции во случај на семејно насилство за стручни лица од ЦСР, полициски , здравствство, суд и граѓански здруженија, во соработка со НВО секторот.
- 17 стручни лица од ЦСР Скопје, МТСП и АВРМ се обучени за тренери за психосоцијална поддршка на жртви на семејно насилство.
- Обучени се76 стручни лица во 25 центрите за социјална работа во поглед на зајакнување на стручната работа за обезбедување на психо-социјална подршка на жртвите на семејно насилство.
- 30 стручни лица од ЦСРсе обучени за стандардите на Центрите за социјална работа во постапувањето со жртви на семејно насилство и обезбедување правна помош
- 15 стручни лица од ЦСР, ЗСД и ЗМЗ се обучени за работа во советувалиште за деца и мајки жртви на семејно насилство.
- Во здравствениот сектор, 1980 здравствени работници (општи лекари, психијатри,

педијатри,гинеколози и лекари од брза помош) се сензибилизирани за рана детекција и превенција од семејно насилство,
- 70 универзитетски кадри од 9 факултети: Социјална работа и политика, Педагогија, Психологија и Медицински факултет, Правен факултет, Институтот за социолошко политичко правни истражувања и Факултетот за Родови студии, Факултет за Високо образование на сестри, Факултет за безбедностсе обучени за модулите на СЗО за превенција на насилство.
- 14 професионалци се обучени за работа со сторители на семејно насилство и нивен психосоцијален третман.
- Во 5 општини отпочнато е со јакнење на капацитетите со цел развој на применлив модел за работа на Локалните превентивни центри: Струмица, Валандово, Штип, Крива Паланка, Кратово, Делчево, Берово.
- Со цел за поголемо вклучување на жртвите на семејно насилство во програмите за вработување, обучени се 70 професионални структури од ЦСР и АВРМ за работа со жртви на семејно насилство.
- 160 Полициските службеници, судии, обвинители и стручните лица од центрите за социјална работасе обучени за практичната примена на постапувањето во случај на семејно насилство и координирано преземање на законски мерки помеѓу ЦСР и полициските службеници преку спроведени 8 еднодневни обуки од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи.
- 29 судии, 16 обвинители заедно со стручните лица од центрите за социјална работа, се обучени за воспоставување на координиран механизам помеѓу центрите за социјална работа и судовите за клучните елементи на супервизија на родителските права за заштита на децата од семејно насилство.
- Во рамките на зајакнување на капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита, отпочнат е процесот на лиценцирање. Заводот за социјални дејности донесе Програма за почетна и континуирана едукација во процесот на издавање, продолжување и одземање на лиценците за работа на стручните лица.

Потребата за континуирано зајакнување на стручните капацитети е евидентна во сите надлежни сектори, вклучително и во здруженијата на граѓани. Посебно е потребно да се сензибилизираат и зајакнат капацитетите на локалната самоуправа во насока на вклучување во преземањето на мерки на помош, поддршка и заштита на жртвите на семејно насилство. Процесот на јакнење на стручните капацитети треба да се фокусира на спроведување на почетна и континуирана обука на сите професионални структури на ова поле. На овој начин ќе се обезбеди нивен професионален развој и поголема ефикасност во извршување на надлежностите.

<u>Посебна цел 4: Подобрување на системот на заштита на жртвите на семејно насилство</u>

Со цел за обезбедување на одржливост на СОС линијата за пријавување на семејно насилство, спроведена е обука за работа на СОС телефон на доверба, наменета за невладиниот сектор со цел да се овозможи достапност до оваа услуга на локално ниво.
- Со цел да се подобри квалитетот на услугите за правна помош се подготвија стандарди за НВО кои обезбедуваат бесплатна правна помош и истите се пилотираа од страна на 7 организации кои географски покриваат 20 општини на територијата на Р. Македонија. Во периодот од јуни 2010 до декември 2011 година, беше обезбедена бесплатна правна помош (примарна правна помош и/или застапување во судски постапки) на повеќе од 600 жртви на семејно насилство, од кои 96% се жени. Со цел да се олесни практичната примена на стандардите се подготви Водич за НВО кои обезбедуваат правна помош на жртви на семејно насилство,
- Спроведена е и посебна обука на адвокати кои даваат правна помош на жртвите на семејно насилство, а во соработка со Адвокатската комора подготвен е Водич за членовите на адвокатската комора кој има за цел да послужи како референтна литература и корисен пакет на алатки на адвокатите кои работат со жртви на семејно насилство
- Формирана е првата Национална мрежа на НВО кои работат на полето на спречување на насилството врз жените и семејното насилство, која претставува прво формално здружување на поголем број организации на полето на превенција и спречување на семејното насилство. Иницијално формирана како неформална мрежа од 20 организации членки, мрежата постепено прерасна во правен субјект со свој статут, стратешки цели и утврдени приоритети на делување.
- Методолошкото упатство за постапување со жртви на семејно насилство е ревидирано со цел за унифицирано, поефикасно и стручно водење на постапките во центрите за социјална работа.
- Отворено е првото Советувалиште за родители и деца жртви на семејно насилство, каде акцентот во работењето се децата кои припаѓаат на категоријата на деца во социјален ризик. Сепак, посебно внимание се обрнува на специфичните потреби на децата кои се соочуваат со семејно насилство.
- Отворено е првото Советувалиште за работа со сторители на семејно насилство, во просториите на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје. Во рамките на оваа активност изготвени се Стандарди и норми за работа, Програма за работа психосоцијален третман на сторители на семејно насилство, како и Прирачник за психосоцијален третман на сторители.
- Во соработка со Општина Свети Николе, поддржано е воспоставување на регионален Центар за згрижување на жртви на семејно насилство во Свети Николе, кој го покрива Вардарскиот регион со 9 општини и над 150.000 жители.
- Исто така Министерството за труд и социјална политика веќе ја има вклучено „економската еманципација на жените жртви на семејно насилство" во активните мерки за вработување и целните групи избрани, последователно во периодичните Оперативни програми за вработување, почнувајќи од 2009 година, во кои се предвидени мерки за самовработување, обука за одделни дефицитарни занимања и вештини и субвенционирање на вработувања кај работодавачи. Во Оперативниот план на Владата на РМ за 2010 се предвидени мерки за самовработување, обука за одделни дефицитарни занимања и вештини и субвенционирање на вработувања кај работодавачи. Оваа програмата се реализира во следните пилот Општини: Скопје, Тетово, Битола, Куманово и Кавадарци. Согласно реализацијата на оваа програма добиени се следните резултати: 20 жртви на семејно насилство успешно завршија бизнис обука за управување со програмата и се работи на нивниот бизнис; 8 жртви на семејно насилство се вработени преку субвенционирано вработување и редовно добиваат плати. Во 2011 година, продолжи имплементацијата на Програмата за економско јакнење на жени жртви на семејно насилство на целата територија на Република Македонија, при што 29 жени жртви на семејно насилство се вклучија во Програмата за економско јакнење преку трите подпрограми и тоа: самовработување, субвенционирано вработување и обуки за докфалификација/ прекфалификација на жртвите на семејно насилство. Во рамките на економската програма, 253 жртви на семејно насилство поминаа психосоцијални обуки, 235 жртви ги унапредија своите професионални вештини преку обуки за јакнење на кариера, а 237 претставниците на приватниот сектор се сензитивизираа за општествената одговорност на претпријатијата кон ранливите групи.
- Сензибилизирањето на општата јавност континуирано се спроведува. Во оваа насока се одржуваат годишни кампањи во рамките на 16 дена активизам против семејното насилство, организирање на настани, трибини и јакнење на невладините организации. Во 2010 година реализирана е кампања против семејното насилство под мото „ Јас имам храброст и сила да му кажам не на насилството. Можеш и ти! Спотот се емитуваше на сите национални медиуми и радио станици на четири јазици (македонски, албански, турски и ромски јазик). Испечатени се 100 000 брошури, 7000 постери и 10 000 чанта огледала. Организиран е настан „Елиминирање

на насилството„ во кој учествуваа познати пејачи од македонската естрада и пантомимичари. Повеќе од 300 НВО активисти, членовите на Националното координативно тело, преставници од релевантните министерства, претставници од јавните установи, граѓани, преставници од ООН агенциите и другите меѓународни организации се собраа да направат пурпурна лента, со што се симболизираше заложбата на сите претставници за борба против семејното насилство.

- Во 2011 година промовирана е медиумска кампања за борба против семејно насилство насловена како "Заедно да излеземе од мракот на насилството!", која испраќа јасна порака на заедништво и обединетост до сите социјални структури во општеството. Промовиран е спот, кој се емитува на сите национални медиуми и изготвени се постери и брошури на македонски, албански, турски и ромски јазик. На 25.11. организиран е „Марш на светлината„ со цел одбележување на 16 Меѓународни дена за елиминација на насилството врз жените.
- Десиминирање на моделот за превентивни програми во локалната заедница во делот на семејно насилство низ територијата на Република Македонија, се спроведе преку избор на 13 Невладини организации за воспоставување на Локални координативни тела за превенција од семејно насилство и развој на локални акциони планови за работа на телата.

Сензибилизирањето на општата популација и понатами треба да се подржува, како би можел системот на помош, подршка и заштита од семејно насилство да се доближи до сите граѓани и да се поттикне пријавувањето на насилството, а со цел за негово запирање и намалување на последиците од доживеаното насилство.

Натамошното унапредување на системот на заштита за жртвите од семејно насилство треба да се насочи кон поголема достапност на услугите и сервисите до сите граѓани. При тоа треба да се води сметка за специфичните потреби на граѓаните во рамките на нивната општина, достапност на услугите и до руралните средени и да се унапредува меѓуопштинската соработка за преземање на соодветни мерки и развој на услугите на регионална основа.

<u>Поебна цел 5: Унапредување на граѓанско-правниот систем на заштита</u>

Во Стратегијата 2008-2011 посебно внимание е посветено на унапредување на законската рамка преку предвидените посебни цели 5 и 6.

Во доменот на креирање на ефикасен систем на заштита, со Закон за изменување и дополнување на Законот за семејството („ Службен весник на Република Македонија" бр.84/08 од 11.07.2008 година) се воедначи дефиницијата на семејно насилство со Кривичниот законик на РМ, при што се прошири кругот на лица кои можат да се јават како жртва или извршител на семејно насилство со лица во блиски лични односи. При тоа, законот ги дефинира блиските лични односи, како лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница. Со овие измени се прецизираше рокот за доставување на известувањата за постапување од другите органи кон центарот за социјална работа во рок од 72 часа, како би можело ефикасно да се собере и комплетира целосната документација за натамошно процесуирање на предметот.

Со цел за поефикасно преземање на мерките на заштита, се предвиде поактивно вклучувањето на граѓанскиот сектор, со определување на надлежност на здружение на граѓани, регистрирано за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита, само или во соработка со центарот за социјална работа, да може да ги преземе мерките на заштита, освен мерките на кои се однесуваат на покренување на постапки пред надлежниот суд, да презема мерки кои се однесуваат на регулирање на односите помеѓу родители и деца и по потреба да поднесе барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита. При тоа законските одредби ја утврдуваат соработката помеѓу ЦСР и граѓанските здруженија, така што здруженијата доставува известување и целокупна докумантација до ЦСР во рок од 72 часа од како се преземени мерките за заштита, по што Центарот за социјална работа во рок од 24 часа изготвува соодветно решение.





Воедно, со измените се дава дополнителна можност на жртвата, освен посредно преку центарот за социјална работа, сама непосредно да поднесе предлог до судот за изрекување на привремена мерка за заштита.

Измените на системот на помош, поддршка и заштита на жртвите на семејно насилство соодветно се подржани и со дополнувањена Законот за социјалната заштита. Имено со овој пропис целосно се уредува соработката со здруженијата на граѓани.

<u>Поебна цел 6: Унапредување на казнено-правниот систем</u>

Законската рамка за обезбедување на соодветна кривично-правна заштита на жртвата, санкционирање и ресоцијализација на насилникот е подобрена преку неколкуте измени и дополнувања на Кривичниот законик и усвојувањето на новиот Закон за кривична постапка.

Имено, во 2009 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (Службен весник број: 114/2009) со кои во член 56: Обврски кај заштитен надзор, се воведува одредба за: «Посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство.» Исто така, во член 57: Орган за спроведување на заштитен надзор, покрај социјалниот орган се воведува и «соодветно советувалиште» како надлежен орган за помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврската од страна на осудениот.

Се надоградуваше домашното законодавство за правата на жртвите. Имено во 2010 година донесен е Закон за кривичната постапка(Службен весник број: 150/2010), во кој во членовите 53 до 56 се вградуваат значајни новини со кои се уредуваат правата на жртвата, посебни права на ранливи категории жртви и на жртвите на кривични дела против половата слобода и половиот морал, човечноста и меѓународното право.

Паралелно со овие активности претставникот од Министерството за правда во НКТ, учествуваше во активноста на Комитетот на Советот на Европа за изработка на Конвенцијата за превенција и борба со насилството спрема жената и домашното насилство (Конвенција). Во 2010 година предлог стандардите на оваа конвенција беа презентирани пред Националното тело за заштита од семејно насилство (НКТ). Паралелно со овој процес, претставникот од Министерството за правда во НКТ до Работната група за изготвување на измени и дополнување на КЗ, достави предлози за вградување на нови или измена на постојните а согласно стандардите на оваа конвенција.

Изготвена е "Анализа за усогласеноста на законодаството на РМ со Конвенцијата за превенција и борба со насилството спрема жената и домашното насилство." Анализата дава осврт на усогласеноста на кривичното и граѓанското законодавство и утврдува препораки за натамошо усогласување на законодавството на РМ со оваа конвенција а со цел унапредување на процесот на ратификација. Резулатите од Анализата беа презентирани на Работилница одржана во 2011 година. Во рамките на активностите за спроведување на препораките од оваа анализа во 2011 година беше одржана обука за претставниците од Парламентот на Република Македонија, при што беа презентирани новините и стандардите на оваа конвенција. Воедно, на предлог на Министерството за правда, Владата на 25.05.2011 година донесе Одлука Република Македонија да ја потпише оваа конвенција. Овие активности се на линија на предвидените активности за оваа посебна цел од Стратегијата 2008-2011.

Во однос на активностите насочени кон прибирање на податоци од судовите и обвинителствата за казнената политика кон сторителите на семејно насилство истите не се реализирани бидејќи тоа претставува научно-истражувачка активност и бара човечки капацитети со кои Министерството за правда не располага. Во контекст на оваа активност, Министерството за правда не располага со релевантни статистички податоци за број на обвинети и осудени сторители да дејствијата на семејно насилство, од причина што вакви податоци по одделни ставови на кривични дела не се водат од Државнот завод за статистика. Отуството на вакви податоци оневожможува да се следи примената на овие одредби во пракса и да се креира идна казнената политика во оваа сфера и да се известува пред релевантните меѓународни тела.

Посебна цел 7:Воспоставување на систем за евиденција и известување за случаите за семејно насилство од страна на сите релевантни институции

Постапката за воспоставување на национален унифициран систем за собирање на податоци за семејно насилство се уште не е завршена, така да активностите во оваа насока треба да продолжат.

Во ЦСР е воспоставена софтверска програма за евидентирање на корисниците и формите на обезбедени социјални услиги, вклучително и за жртвите и извршителите на семејно насилство. Но се уште престои потреба од унифицирање на базите на податоци во сите сектори, нивно умрежување и креирање на единствена национална база на податоци. На овој начин ќе се овозможи мониторинг и еваулација на состојбите со семејното насилство и креирање на соодветни одговори.

Воспоставување на систем за евиденција и известување за случаите на семејно насилство од страна на судовите и јавните обвинителства делумно се реализирани. Имено, воведен е АКМИС-Автоматизиран комјутерски систем за управување со судските предмети. Исто така, во надлежност на судската управа е: «обезбедување на податоци за статистички извештаи и статистички прашалници и по потреба пополнување на статистички извештаи и статистички прашалници.»

Едновремено, воспоставено е Работно тело за стандардизација на употребата и унапредувањето на АКМИС во судовите, кое ќе даде информации дали и во која мерка овој систем функцинира и дали истиот дава солидна основа за квалитетна евиденција на случаите на семејно насилство во судовите и јавните обвиниетелства.

Посебна цел 8: Воспоставен механизам за спроведување на Стратегијата

Национално координативно тело ефективно го координира креирањето политики и спроведувањето на Националната стратегија за спречување на семејното насилство и останатите релевантни национални стратегии преку оддржување редовни месечни состаноци каде што се презентираат тековните активности на сите релевантни носители.

Како една од клучните активности на ова тело е донесување на Заеднички протокол за постапување на надлежните институции и невладиноот сектор во случаи на семејно насилство со соодветен механизам за упатување.

Со цел за зајакнување на капацитетите на Националното координативно тело, за членовите реализирани се обуки за запознавање и продлабочување на знаењата за основни човекови права, родовиот пристап и спроведување на мониторинг и евалуација во процесот на следење на имплементација на Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година.

Поголемата достапност на информациите, е овозможен со креирање на web страна за Националното координативно тело за семејно насилство.



Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015)

# Втор дел

## 2.1. Визија

Визијата на Националната стратегија за спречување на семејно насилство 2012-2015 е дека до крајот на 2015 година во Република Македонија ќе постои:

- Разбирање на семејното насилство како грубо кршење на човековите права и јакнење на јавната свест за нетолеранција на семејното насилство;
- Зголемена сигурност за жртвите;
- Зголемени активности за ефикасни истраги, кривично гонење и одговорност и осудување на сторителите;
- Зголемен квалитет на услугите за жртвите и нивно стандардизирање;
- Препознавање на семејното насилство како родово засновано насилство;
- Зголемена ефективност на системот преку структурирано планирање, континуирано следење и евалуација на состојбите.

## 2.2. Мисија

Мисијата на сите релевантни чинители за спречување и заштита од семејно насилство е со донесувањето на Стратегијата да се обезбеди:

- Дефинирање на стратешките приоритети за спречување и заштита од семејно насилство;
- Создавање на широко прифатена култура на препознавање и спречување на семејното насилство преку зголеменото разбирање на основните човекови права;
- Развивање на холистички пристап во реализацијата на задачите предвидени со оваа стратегија;
- Одржливост на резултатите постигнати со имплементацијата на целите на Стратегијата.

## 2.3. Клучни иновативни карактеристики на Стратегијата 2012-2015

Националната стратегија за спречување на семејното насилство 2012-2015 претставува логичен континуитет на напредокот и постигнатите цели на претходната Национална стратегија 2008 – 2011 , но, истовремено воспоставува:

- Нова правна и институционална рамка за справување со сите видови на семејно насилство и категориите на жртви, со посебен акцент на ранливите категории на жртви, а особено мултиплицираната ранливост како резултат на возраст (деца

и стари лица), пол, инвалидитет и било кое друго својство кое во македонскиот контекст генерира мултиплицирана ранливост;
- Усовршување на постоечките механизми за спречување и заштита од семејно насилство и нивно континуирано развивање и надополнување во согласност со најновите меѓународни и регионални стандарди;
- Воспоставување на постојан национален координиран систем за следење и евалуација на имплементацијата на стратешките политики (Постојано национално координативно тело);
- Унапредување на соработката и координацијата меѓу централното ниво и локалните актери во спречување и сузбивање на семејното насилство;
- Развивање на стандардизирани индивидуални пакети на мерки за превенција и помош на жртвите кои ги адресираат нивните индивидуални потреби;
- Унапредување на реинтеграцијата на жртвите во сите сфери на општеството;
- Унапредување на истрагите и кривичното гонење со доследно препознавање на правата на жртвите и нивен третман во казнено-правниот систем;
- Стандардизација и проширување на достапноста на мерките за помош и поддршка на жртвите, како и мерките за третман на сторители;
- Зголемена координираност на казненоправниот систем како целина и на системот на социо-здравствена заштита на жртвата, но и нивна меѓусебна координираност и надополнување.

## 2.4. Водечки принципи

Сите релевантни чинители за спроведување на целите и задачите на Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство ги почитуваат и практикуваат принципите на одговорност, партнерство, постапување со жртвите засновано на човековите права и слободи, недискриминација, транспарентност, ефективност и оддржливост.

### 2.4.1. Одговорност

Владата на Република Македонија, локалните власти и цивилното општество се взаемно одговорни и надлежни во дефинирање на целите и задачите, имплементирањето на активностите за ефикасно справување со семејното насилство.

Истовремено, Владата на РМ и локалните власти взаемно се одговорни за обезбедување и распределба на финансиски средства за имплементација на активностите и оддржливост на резултатите.

Владата на РМ, локалните власти и цивилното општество се обврзуваат на ефективно користење на поддршката обезбедена од меѓународната заедница и националните капацитети.

### 2.4.2. Партнерство

Успешната соработка на институциите од централната власт, од локалната власт и цивилното општество претпоставува партнерски однос и поделба на активностите. Институциите на Владата на РМ не се исклучиво надлежни за спречување и заштита од семејно насилство. Имплементацијата на стратешките цели ги вклучува сите засегнати страни, а особено е акцентирана улогата на локалната власт во обезбедување достапност на услугите за жртвите и нивна ефективна реинтеграција. Граѓанското општетство од своја страна има одлучувачка улога во градење партнерства со институциите на системот за обезбедување помош на жртвите, спроведување на истражувања и анализи и промоција на нетолеранцијата кон семејното насилство.





### 2.4.3.Постапување со жртвите засновано на човековите права и слободи

Во сите активности предвидени со Стратегијата е содржан принципот на постапување со жртвите заснован на човековите права и слободи. Поаѓајќи од обврската за почитување и заштита на човековите права во согласност со Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните документи, фокусот е на унапредување на заштитата на правата на жртвите. Пред се, еднаква заштита за сите, надминување на стигматизацијата и интеграција на жртвите во општеството. При преземање на активностите должно внимание се посветува на родовата заснованост на семејното насилство.

### 2.4.4. Недискриминација

Сите активности кои се презмаат за остварување на целите содржани во стратегијата ја препознаваат меѓусебната поврзаност меѓу дискриминацијата и семејното насилството. Истовремено, активностите се преземаат без дискриминација. Притоа, се има предвид дека дискриминацијата на определени групи во општеството е сеуште широко распространета, и оттука активностите посебно се насочени кон зголемена заштита на жртвите кои се соочуваат со мултиплицирана дискриминација.

### 2.4.5. Транспарентност

Сите активности од сите засегнати страни коишто се преземаат во однос на програми и планови за имплементирање на стратешките цели кои произлегуваат од Стратегијата се отворени и споделувани меѓу чинителите. Владата и локалните власти посебен акцент ставаат на пристапот до информации и распределбата на средствата, меѓу другото и преку редовно објавување на информации за активностите на веб страната на НКТ.

### 2.4.6. Ефективност и оддржливост

Во градењето на политиките на спречување на семејното насилство клучно е обезбедувањето на сеопфатна координација на активностите. Подобрувањето на заштитата, односно преземањето на мерки и активности кои ќе значат намалување и елиминирање на факторите кои имаат негативно влијание врз семејното живеење е взаемна обврска на централната и на локалните власти. Систем за следење и евалуација на имплементацијата е специфична обврска на Владата на РМ, но, локалните власти ќе имаат клучна улога во овозможувањето на ефективен систем на следење преку развивање на локални акциски планови за имплементација на целите и активностите на Стратегијата имајќи ги предвид потребите на локалната заедница. Тоа од своја страна ќе осигура доследна распределба на финасиски и човечки ресурси неопходни за спроведување на акциските планови без оглед на политичките и друг вид на општествени промени.

## 2.5. Ризици

Ризици кои можат да предизвикаат пролонгирање на активностите од Стратегијата се следните:
- Непоткрепеност на активностите со соодветни финансиски буџети.
- Пролонгирање на предвидената временска рамка.
- Недоволна координирност на релевантните чинители во навремено спроведување на мерките од Стратегијата. Унапредување на меѓусекторската и меѓуминистерска соработка, соработка со невладиниот сектор, заснована на принципите на транспарентност и партнерство; спроведување и одржливост на системот за заштита преку зајакнување на ресурсите за заштита на жртвите на семејно насилство и на Стратегијата за подигнување на заштитата и помошта на семејството изложено на семејно насилство.

# Трет дел

## 3.1.Основна стратешка цел

Основна стратешка цел на Стратегијата за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015 е:

**Унапредување на мерките за превенција, широко препознавање и подобрена заштита на жртвите на семејно насилство преку координиран мултисекторски пристап на национално и локално ниво**

Основната стратешка цел се имплементира преку пет стратешки области и соодветните активности, и тоа: спречување, заштита, помош и поддршка на жртвите, гонење на сторителите, мултисекторска соработка и подигање на институционалните капацитети и специјализираниоте служби и имплементација, следење и евалуација.

### 3.1.1. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - СПРЕЧУВАЊЕ

#### 3.1.1.1 Посебна стратешка цел 1:
Подигнување на свеста и развивање на неприфатливост на семејното насилство како грубо кршење на човековите права и слободи

**Резултат**

3.1.1.1.1: Подигната јавна свест за нулта толеранција кон семејното насилство

**Активности:**

3.1.1.1.1: Спроведување на национални и локални кампањи

3.1.1.1.2: Спроведување на трибини и јавни дебати особено во руралните средини со адресирање на традиционалното разбирање на родовите улоги на различните етнички групи

**Резултат:**

3.1.1.1.2: Развиени и вклучени модули за ненасилно однесување во сите нивоа на образование

**Активности:**

3.1.1.1.3: Вклучување на модули за ненасилно однесување во семејството во наставните програми на сите нивоа на образование и предучилишно воспитување со посебен акцент на вклучување на момчињата и мажите во зголемување на свесноста за сите видови на насилство вклучително и традиционалните родови улоги

**Резултат:**

3.1.1.1.3: Подигната професионална свест и знаења за неприфатливост на семејно насилство, родова заснованост на семејното насилство и родова еднаквост и недискриминација

**Активности:**

3.1.1.1.4: Евалуација и развивање на структурирани програми за обуки на стручни работници во социјална заштита, наставници, воспитувачи и негуватели, здравствени работници, полициски службеници, јавни обвинители и судии, за предрасуди и стереотипи, родова еднаквост, мултикултурна различност

**Засегнати страни и чинители:**

Сите релевантни чинители вклучително и НВО секторот

**Рок:** Континуирано

**3.1.1.2. Посебна стратешка цел 2:**

Сензибилизирање на локалните актери за преземање на активности за намалување на ризиците за семејно насилство во локалната заедница

**Резултат**

3.1.1.2.1: Формирана локална бизнис заедница за поддршка во намалување на ризиците за семејно насилство

**Активности:**

3.1.1.2.1: Формирање на локална бизнис заедница за подршка на локалните програми и стратегии

3.1.1.2.2: Формирање на тела во рамките на деловните субјекти за општествена одговорност кон ранливите групи од семејно насилство

3.1.1.2.3: Размена на добри практики и локални искуства за општествено одговорна бизнис заедница

**Засегнати страни и чинители:**

МТСП, МВР, МЗ, МОН, локалната самоуправа, регионални стопански комори, НВО

**Рок:** Заклучно со 2013

**3.1.1.2 Посебна стратешка цел 3:**

Формирање на локални тела за превенција од семејно насилство во локалните совети за превенција

**Резултат:**

3.1.1.3.1: Усвоени локални програми кои содржат активности за спречување и заштита од семејно насилство од страна на Општините

**Активности:**

3.1.1.3.1: Изготвување и усвојување на локални програми кои содржат активности за спречување и заштита од семејно насилство

**Резултат:**

3.1.1.3.2: Формирани локални меѓусекторски тимови за интервенција во случаи на семејно насилство и усвоени стандардизиран опис и попис на работни задачи на секој релевантен член на тимот

**Активности:**

3.1.1.3.2: Организирање секторски работни состаноци со територијалните надлежни чинители за развивање на механизми за координација и комуникација за активности во функционирањето на локалните меѓусекторски тимови за спречување и заштита од семејно насилство

3.1.1.3.3: Организирање на мултисекторски состаноци за синхронизирање на развивање на механизми за координација и комуникација за на активности на сите чинители во тимот

**Резултат:**

3.1.1.3.3: Донесен и усвоен Годишен работен план со финансиска поддршка на општините во рамките на нивните буџети и донатори;

**Активност:**

3.1.1.3.4: Активно вклучување на меѓусекторските тимови за интервенција во работењето на посебното тело за превенција од СН формирани во рамките на оптштинските локални совети за превенција

**Резултат:**

3.1.1.3.4: Вклучени здравствени работници во сите формирани локални тела

**Активности:**

3.1.1.3.5: Кординирање на активностите помеѓу советите за јавно здравје и совети за превенција

**Засегнати страни и чинители:**

МТСП, МП, МВР, МЗ, МОН, локалната самоуправа, Регионални стопански комори, НВО кои работат на полето на семејно насилство

**Рок:** Континуирано

**3.1.1.4 Посебна стратешка цел 4:**

Јакнење на капацитети за имплементација на активностите за превенција

**Резултат:**

3.1.1.4.1: Развиени и усвоени модули за обуки на стручни работници во социјална заштита, наставници, воспитувачи и негователи, здравствени работници, полициски службеници, јавни обвинители и судии со соодветни прирачници и работни материјали;

**Активности:**

3.1.1.4.1: Развивање на модул за превенција од СН на секторско ниво

3.1.1.4.2: Развој на модул за мултисекторско координирано постапување во превенција на семејно насилство, вклучително и со НВО секторот

**Резултат:**

3.1.1.4.2:Зајакнати капацитети за имплементација на активностите за превенција на локално ниво

**Активност:**

3.1.1.4.3: Спроведување на континуирани секторски обуки во согласност со изготвениот Модул

3.1.1.4.4: Спроведување на континуирани мултисекторски обуки

3.1.1.4.5: Континуирано унапредување на капацитетите на локалните тела за спречување и заштита заради нивна одржливост

3.1.1.4.6: Спроведување на обуки за спречување на појавата од согорување на професионалците кои постапуваат со случаи на СН

**Засегнати страни и чинители:**

МТСП, Завод за социјални дејности, ЦСР, Центар за обука на МВР, Академија за судии и обвинители, Центри за јавно здравје, Државен санитарен здравствен инспекторат, Лекарска комора на Македонија, МОН, Биро за развој на образование, НВО кои работат на полето на семејно насилство, регионални стопански комори и професионалните здруженија на релевантните чинители, НКТ

**Рок:** Континуирано

### 3.1.2. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Заштита, помош и поддршка на жртвите

**3.1.2.1. Посебна стратешка цел 1:**

Унапредување на институционалниот одговор непосредно по насилството преку воспоставување на холистички пристап

**Резултат:**

3.1.2.1.1: Унапредување на легислативата за начинот на постапување со жртви;

**Активности:**

3.1.2.1.1: Измена и дополнување на легислативата во согласност со меѓународните стандарди

**Резултат:**

3.1.2.1.2. Обучени обучувачи за спроведување на обука на стручни лица за работа со сторители на СН;

**Активности:**
3.1.2.1.2: Спроведување на обуки за обучувачи
**Резултат:**
3.1.2.1.3. Зајакнати капацитети на стручните лица за работа со сторители
**Активност:**
3.1.2.1.3. Спроведени обуки на стручни лица за работа со сторители
**Резултат:**
3.1.2.1.4: Воспоставени регионално достапни советувалишта за жртви;
**Активности:**
3.1.2.1.4: Проширување на мрежата на советувалишта за психосоцијален третман на жртви, вклучително и деца
3.1.2.1.5: Идентификување и промовирање на соодветен институционален одговор во врска со семејно насилство врз најранливи жртви
**Резултат:**
3.1.2.1.5: Воспоставени регионално достапни советувалишта за родители и деца
**Активност:**
3.1.2.1.6: Проширување на мрежата на советувалишта за родители и деца
**Резултат:**
3.1.2.1.6: Воспоставени регионално достапни советувалишта за сторители
**Активност:**
3.1.2.1.7: Проширување на мрежата на советувалишта за психосоцијален третман на сторители на СН
**Резултат:**
3.1.2.1.7: Имплементирани активни мерки за вработување на жртвите;
**Активност:**
3.1.2.1.8: Континуирано економското јакнење на жртвите преку активните меркиза вработување, заедно со програмите за психо социјална подршка и градење на кариера.
3.1.2.1.9: Воспоставување на менторски систем на поддршка на жртвите вклучени во економските програми
**Резултат:**
3.1.2.1.8: Достапност на Центар за жртви на семејно насилство;
**Активност:**
3.1.2.1.10: Регионално достапна мрежа на засолништа (центри за жртви на семејно насилство)
3.1.2.1.11: Продолжување на функционирањето на националните и координирана соработка со локалните СОС линии, со зајакнување на капацитетите за интервентно сместување на жртвите
**Резултат:**
3.1.2.1.9: Развиен и усвоен инструмент за проценка на ризикот од семејно насилство;
**Активност:**
3.1.2.1.12: Развивање на единствен Инструмент за проценка на ризикот од семејно насилство
**Резултат:**
3.1.2.1.10: Развиен Стандард за услугите кои ги обезбедува НВО секторот;
**Активност:**
3.1.2.1.13: Формирање на работна група за развивање на Стандард за услугите кои ги обезбедува НВО секторот;
**Резултат:**
3.1.2.1.11: Подготвени и дистрибуирани брошури со информации за достапност на услуги за жртвите и нивните права;
**Активност:**
3.1.2.1.14:Изработка на брошури
3.1.2.1.15: Промовирање на ефикасна дисеминација на разбирливи информации до жртвите на семејно насилство и поддршка за НВО секторот во информирање на





жртвите и достапноста на информациите
**Резултат:**
3.1.2.1.12: Развиена структурирана програма за работа со сторители во Центрите за зависности
**Активност:**
3.1.2.1.16: Развој на структурирана програма за работа со сторители на насилство во постоечките центри за зависности и новоотворените центри за зависности во случаи на семејно насилство како резултат на злоупотребата (алкохол, дроги)
**Резултат:**
3.1.2.1.13: Регионално достапни терапевтски заедници
**Активност:**
3.1.2.1.17: Активно вклучување во функционирањето на терапевтски заедници за ресоцијализација на корисници на дрога и алкохол кои се сторители на семејно насилство.
**Засегнати страни и чинители:**
МТСП, МП, МВР, МЗ, НВО
**Рок:** Континуирано

**3.1.2.2. Посебна стратешка цел 2:**
Унапредување на препознавањето на сите облици на семејно насилство и идентификација на жртвите
**Резултат:**
3.1.2.2.1: Усвоена и тестирана програма за обука за заштита од СН и дефинирани индикатори за следење на успешноста на обуката;
**Активности:**
3.1.2.2.1: Евалуација и унапредување на програмата за обука во делот на заштита од семејно насилство и идентификација на жртви
**Резултат:**
3.1.2.2.2: Развиени и усвоени модули за обуки на Стручни работници во социхална заштита, наставници, воспитувачи и негователи, здравствени работници, полициски службеници, јавни обвинители и судии со соодветни прирачници и работни материјали;
**Активност:**
3.1.2.2.2: Развивање на модули за секторски обуки за обука за заштита од семејно насилство и развивање на соодветни прирачници и работни материјали
**Резултат:**
3.1.2.2.3: Развиен модул за меѓусекторска соработка и координација за заштита од семејно насилство.
**Активност:**
3.1.2.2.3:Развивање на модули за обука за меѓусекторска соработка и координација за заштита од семејно насилство и развивање на соодветни прирачници и работни материјали
**Резултат:**
3.1.2.2.4: Зајакнати капацитети за имплементација на активностите за заштита на локално ниво
**Активност:**
3.1.2.2.4: Спроведување на континуирани секторски обуки во согласност со изготвениот Модул
3.1.2.2.5: Спроведување на континуирани мултисекторски обуки
3.1.2.2.6: Континуирано унапредување на капацитетите на локалните тела за спречување и заштита заради нивна одржливост
3.1.2.2.7: Спроведување на обуки за спречување на појавата од согорување на професионалците кои постапуваат со случаи на СН

**Засегнати страни и чинители:**
МТСП, Завод за социјални дејности, ЦСР, Центар за обука на МВР, Академија за судии и обвинители, МЗ, Центри за јавно здравје, Државен санитарен здравствен инспекторат, Лекарска комора на Македонија, МОН, Биро за развој на образование, НВО сектор кои работат на полето на семејно насилство, и професионалните здруженија на релевантните чинители, НКТ
**Рок:** Заклучно со 2015

**3.1.2.3. Посебна стратешка цел 3:**
Достапност на директна помош и заштита на жртвите
**Резултат:**
3.1.2.3.1: Спроведена евалуација на услугите за жртвите и нивната достапност и дефинирани предлог мерки
**Активности:**
3.1.2.3.1: Ревизија на услугите за жртвите и нивната достапност, вклучително на специјализираните услуги за жртви на семејно насилство
3.1.2.3.2: Развивање на предлози за подобрување на услугите на жртвите
**Засегнати страни и чинители:**
Национално координативно тело
**Рок:** Заклучно со 2014

**3.1.2.4. Посебна стратешка цел 4:**
Интеграција на жртвите во општественото живеење
**Резултат:**
3.1.2.4.1: Зголемена професионалност кај стручните работници за зајакнување на жртвата
**Активности:**
3.1.2.4.1: Континуирана едукација на стручните работници и меѓусекторска координација за потикнување на мотивацијата кај жртвата за активно вклучување во општественото живеење
**Резултат:**
3.1.2.4.2: Зголемен опфат на жртвите на семејно насилство во активните мерки за вработување
**Активности:**
3.1.2.4.2: Спроведување на обука за ментори на жртвите на семејно насилство
3.1.2.4.3: Ефикасна дисеминација на информации за достапноста на активните мерки за вработување на жртвите на СН
3.1.2.4.4: Сензибилизирање на локалната заедница и на бизнис заедницата за реинтеграција на жртвите на семејно насилство
3.1.2.4.5: Формирање на групи за самопомош и подршка на жртвите на семејно насилство

**Засегнати страни и чинители:**
МТСП, МОН, АВРМ, НВО, бизнис заедница, локална заедница
**Рок:** Заклучно со декември 2015

### 3.1.3. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Гонење на сторителите

**3.1.3.1. Посебна стратешка цел 1:**
Унапредување на законска и нормативна рамка
**Резултат:**
3.1.3.1.1: Изменети и дополнети национални закони и подобрување на евиденцииите за изречени мерки на безбедност и видови заштитен надзор изречен со правосилна пресуда на сторител на семејно насилство;



Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015)

**Активности:**
3.1.3.1.1: Хармонизација на легислативата со меѓународните стандарди;
**Резултат:**
3.1.3.1.2: Застапени жртви на семејно насилство во фонд за надомест на жртви;
**Активност:**
3.1.3.1.2: Формирање Работна група за видливост на потребите на жртвите на семејно насилство во Фондот за надомест на жртви
**Резултат:**
3.1.3.1.3:Развиено Упатство за примена на мерки на процесна заштита на жртвите и зголемување на ефикасноста на системот на пружање на заштита на жртвите на СН
**Активност:**
3.1.3.1.3: Развивање на механизми за имплементација на мерки на процесна заштита на жртвите од семејно насилство и нивна достапност
**Резултат:**
3.1.3.1.4: Зголемена ефикасност на привремените мерки за заштита од семејно насилство
**Активност:**
3.1.3.1.4: Евалуација на постапувањето на професионалците при предлагање, изрекување, извршување и следење на привремените мерки за заштита од семејно насилство.
3.1.3.1.5: Развивање на предлози за зголемување на ефикасноста во предлагање, изрекување, извршување и следење на привремените мерки за заштита од семејно насилство.
3.1.3.1.6: Спроведување на меѓусекторски состаноци за градење за координирана пракса во предлагање, изрекување, извршување и следење на привремените мерки за заштита од семејно насилство.
3.1.3.1.7: Обезбедување на навремена и целосна документација за случајот во ЦСР преку доследно спроведување на законските одредби за известување на ЦСР за сите преземени активности и пропратна документација од надлежните чинители (особено што и самата жртва има право да поднесе предлог до судот за изрекување на привремена мерка на заштита)
**Засегнати страни и чинители:**
МВР, МТСП, МП, МЗ, МОН и НВО, локална заедница
**Рок:** Континуирано

**3.1.3.2. Посебна стратешка цел 2:**
Ефикасна имплементација заснована на почитување на правата на жртвите
**Резултат:**
3.1.3.2.1: Обучени и сензибилизирани полициски службеници, јавни обвинители и судии и намалување на секундарната виктимизација на жртвата и последователното осипување на судски предмети за семејно насилство
**Активности:**
3.1.3.2.1: Анализа на причините за осипување на судските предмети за семејно насилство и предлог мерки за надминување на состојбата
3.1.3.2.2: Развивање на модул за обука за професионалците за водење на интервју со жртвата и аудио-визуелен запис кој ќе се користи како доказ
**Резултат:**
3.1.3.2.2: Обучени и сензибилизирани стручни лица во ЦСР за поддршка на жртвите и избегнување на секундарна виктимизација
**Активност:**
3.1.3.2.3: Унифицирање на постапувањето согласно Методолошките упатства за проведување на стручната работа
**Засегнати страни и чинители:**
Тренинг Центарот на МВР, Академија за судии, Завод за социјални дејности, ЦСР
**Рок:** Континуирано

### 3.1.4. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Мултисекторска соработка и подигање на институционални капацитети и специјализираните служби

#### 3.1.4.1. Посебна стратешка цел 1:

Унапредување на интегрираниот пристап, што опфаќа креирање и спроведување на сеопфатен и координиран систем

**Резултат:**

3.1.4.1.1: Усвоен Закон за превенцијана СН

**Активности:**

3.1.4.1.1: Формирање на работна група за подготвување на предлог текст на законот

**Резултати:**

3.1.4.1.2: Формирано НКТ

3.1.4.1.2: Номинирање постојани претставници од релевантните чинители во НКТ

**Резултат:**

3.1.4.1.3: Унапредени професионални капацитети на членовите на НКТ

**Активности:**

3.1.4.1.3: Развивање на заеднички специфични обуки и обврска за обука, а особено за феноменот на семејно насилство, постапување со жртви и соработката

3.1.4.1.4: Подобрување на транспарентноста во имплементацијата на активностите

**Засегнати страни и чинители:**

МТСП, МВР,МЗ, МОН,МП И НВО

**Рок:** Заклучно со 2013

### 3.1.5. СТРАТЕШКА ОБЛАСТ - Имплементација, следење и евалуација

#### 3.1.5.1. Посебна стратешка цел 1:

Формирање систем за управување со информации, мониторинг и евалуација

**Резултат:**

3.1.5.1.1: Воспоставен и унапреден софтвер за прибирање податоци за жртви на семејно насилство со поврзување на сите нивоа и ангажиран аналитичар

**Активности:**

3.1.5.1.1: Координирање од Национално координативно тело на постојана основа

3.1.5.1.2: Воспоставување на систем на единствена евиденција

3.1.5.1.3: Континиурано анализирање на појавата

**Резултат:**

3.1.5.1.2.Воспоставена методологија за собирање на статистички податоци на СН од Завод за статистика;

**Активности:**

3.1.5.1.4: Развивање на методологија за водење статистика за жртви на семејно насилство

**Резултат:**

3.1.5.1.3: Прибрани и обработени податоци за состојбата на СН на локално ниво – развиени и усвоени акциони планови на локално ниво;Годишни редовни известувања за СН

**Активности:**

3.1.5.1.5: Воспоставување на систем на следење на сите нивоа и тоа:во општините за состојбата во локалната заедница; во секое министерство / институција; и на национално ниво

**Засегнати страни и чинители:**

НКТ (МТСП,МВР, МП, МОН, МЗ, ДЗ за статистика и НВО)

**Рок:** Заклучно со 2015

#### 3.1.5.2. Посебна стратешка цел 2:

Емпириски истражувања (популациски и виктимолошки)





**Резултат:**

3.1.5.2.1: Истражувачки извештај од спроведено популациско истражување со препораки;

**Активности:**

3.1.5.2.1: Спроведување на национално популациско истражување за семејно насилство

**Резултат:**

3.1.5.2.2: Истражувачки извештај од спроведено виктимолошко истражување со препораки

**Активности:**

3.1.5.2.2: Спроведување на национално виктимолошко истражување за семејно насилство

**Засегнати страни и чинители:**

НКТ

**Рок:** Заклучно со 2015

# Четврти дел

## Финансиски импликации

Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за правда и Министерството за здравство, во годишните акциони планови за спроведување на Стратегијата ќе ги предвидат фискалните имликации за реализирање на активностите, за тековната година во рамките на вкупните фискални трошоци преку формирање на Национално координативно тело за спречување и заштита од семејно насилство.

# Анекс I

**Работна група за подготовка на Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2012-2015**

1. Министерство за труд и социјална политика
   **Г-а Софија Спасовска**
   **Г-а Ирена Тодороска**
   **Г-а Лидија Штерјов**
2. Генерален Секретарјат
   **Г-а Весна Василева**
3. Секретарјат за европски прашања
   **Г-а Александра Вуковиќ**
   **Г-а Нена Неновска**
4. Министерство за внатрешни работи
   **Г-а Лилјана Јаковчевска**
   **Г-а Жаклина Просароска**
5. Министерство за правда
   **Г-а Тања Кикерекова**
   **Г-а Маријана Атанасоска**
6. Министерство за здравство
   **Д-р Сузана Маневска**
   **Проф. д-р Марија Ралева**
7. Министерство за образование и наука
   **Г-н Георге Николов**
   **Г-а Нада Стоименова**
8. НВО Мрежа
   **Г-а Мила Царовска**
   **Г-а Елена Димушевска**
9. Заедничка програма на организациите на ОН, „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство"
   **Г-а Јасмина Трајковска**
   **Г-н Нехат Рамадани**
   **Г-а Јелена Красиќ**
   **Г-а Биљана Настовска**
   **Г-а Димитринка Јорданова Пешевска**
   **Г-а Шерифе Исмаили Касапи**
   **Г-а Македонка Трајковска**
   **Г-а Ивона Пауновиќ**
   **Г-а Олимпија Гроздановска**
10. Национален консултант
    **Доц д-р Стојанка Мирчева**



Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство (2012-2015)

# Анекс II

**Стратешки документи**

- Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012,
- Оперативен план за имплементација на националниот план за акција за родова рамноправност за 2011 година,
- Национален акционен план за вработување 2009 – 2010,
- Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2011 година
- Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија
- Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија
- Акциски план за борба против трговија со деца
- Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, 2007-2011
- Заеднички протокол за постапување во случај на семејно насилство,
- Програма за третман на осудени лица за сексуални деликти изготвена во рамките на реформата на пенитецијарниот систем во РМ.

**Релевантни меѓународни документи**

1. Универзална декларација на ООН за човекови права (1948);
2. Меѓународен пакт на ООН за економските, социјалните и културните права Универзална декларација УН о људским правима (1996);
3. Меѓународен пакт на ООН за граѓанските и политичките права (1996);
4. Конвенција на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (CEDAW), 1979;
5. Генерална препорака 19 на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените (Комитет CEDAW), 1992;
6. Факултативен протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената 1999;
7. Декларација на ООН за елиминирање на насилството врз жената (1993);
8. Конвенција на ООН за правата на детето (CRC), 1989;
9. Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија 2000;
10. Конвенција на ООН за правата на лица со инвалидност, 2006;
11. Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на лица со инвалидност, 2006;
12. Пекиншка декларација и Платформа за акција (1995);
13. Милениумски развојни цели, Милениумски самит на ООН (2000);
14. Конвенција на Советот на Европа за заштита на правата на човекот и основите слободи (1950);
15. Препорака бр. R (90) 2 на Комитетот на министри на Советот на Европа за социјалните мерки во врска со насилството во семејството;

16. Препорака 1450 (2000) на Парламентарното собрание на Советот на Европа за насилството врз жените во Европа;
17. Препорака 1582 (2002) на Парламентарното собрание на Советот на Европа за насилството врз жените во семејството;
18. Препорака бр. R (2002) 5 на Комитетот на министри на Советот на Европа за за заштита на жените од насилство;
19. Препорака 1681 (2004) на Парламентарното собрание на Советот на Европа- „Кампања за борба против семејното насилство врз жените во Европа;
20. Препорака 1905 (2010) на Парламентарното собрание на Советот на Европа за неопходноста за заштита на децата кои се сведоци на насилство во семејството.

**Национална легислатива**

1. Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр.52/91; 1/92; 31/98; 91/2001; 84/2003;107/2005).
2. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија" бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008, 114/2009).
3. Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.15/1997, 44/2002, 74/2004, 83/2008, 67/2009)
4. Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010)
5. Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија" бр.87/2007, 103/2008; 161/2008 и 145/2010).
6. Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија", бр.80/92, 9/96, , 38/04,33/06, 84/2008, 117/2009).
7. Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.79/2009,36/11,51/11).
8. Закон за полиција (Службен весник на РМ, бр. 114/2006, 6/2009 ),
9. Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр.66/2006; 134/2007 и 117/2008)
10. Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РМ, бр.50/2010)
11. Закон за бесплатна правна помош (Службен весник на Република Македонија, бр. 161/2009)
12. Закон за здравствена заштита (Службен весник на Република Македонија, бр.43/2012).
13. Правилникот за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата-жртви на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа и за начинот на следење на привремените мерки изречени од судот („Службен весник на Република Македонија", бр. 103/2007).
14. Правилник за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на на установи за социјална заштита Центар за жртви на семејно насилство (Службен весник на РМ бр. 33/2007) .
15. Правилник за нормативите и стандардите за простор, опрема, стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установата за социјална заштита-Советувалиште за извршители на семејно насилство (Службен весник на Република Македонија бр.69/2012).
16. Правилник за вршење полициски работи (Службен весник на Република Македонија., бр.149/2007).





# Анекс III

## Структура и задачи на Националното координативно тело за спречување и заштита од семејно насилство

Со цел да се постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување на полето на спречување и заштита од семејно насилство во Република Македонија, Националното Координативно Тело за спечување и заштита од семејно насилство ќе се формира на постојана основа. Националното координативно тело е одговорно за:

- Следење и анализирање состојбата со семејното насилство
- Координирање на активностите на надлежните институции
- Утврдување квантитативни и квалитативни индикатори, врз кои ќе се следи влијанието од имплементација на Националната Стратегија 2012-2015
- Унапредување на националните политики, нивната имплементација и подготвување акционен план за акција

Задачи:

- Подготовка на годишни акциски план за имплементација на Стратегијата;
- Воспоставување на временска рамка и одговорни институции за реализиација на активностите
- Подготовка на план за мониторинг за прогрес во согласност со иникаторите
- Полугодишна евалуација за прогресот во периодот на имплементација
- Редовно, на секои шест месеци, изготвува извештај за динамиката на спроведените активности
- Соработува со меѓународни организации
- Планира и реализира координирани активности по однос на семејното насилство
- Воспоставува соработка со локалната самоуправа, превзема иницијативи за зајакнување на локалната самоуправа и воспоставување на локални координативни тела за борба против семејно насилство
- Развива, предлага закони, под законски акти во вид на предлози
- Подготвува предлог буџет на годишно ниво за работата на НКТ и за имплементација на Стратегијата
- Ги разгледува и усвојува годишните акциски планови на секое Министерство

Во рамките на НКТ техничка помош и поддршка дава Одделението за социјално вклучување при Министерството за труд и социјална политика. Членови на НКТ се претставници

од релевантните институции: МТСП, МВР, МП, МЗ, МОН, СЕП, граѓанскиот сектор и релевантните меѓународни организации. Во телото ќе членуваат постојани и повремени членови. Телото ќе има постојан мандат, односно ќе има формален и легален статус. Секој од именуваните постојани членови ќе има именуван свој заменик од соодветното ресорно министерство односно организација.  Повремените членови ќе членуваат и придонесуваат за работењето на Националното координативно тело. Повремените членови ќе доаѓаат од редот на: центрите за социјална работа; Завод за социјални дејности; Агенција за вработување на РМ, , Академија за обука на судии и јавни обвинители, Основни судови, Основни јавни обвинителства, СВР, ОВР, секторите за основно, средно и високо образование при МОН, Биро за развој на образованието, , здравствени установи од примарна, секундарна и терциерна заштита, академски институти и институции, претставници од единиците ма локалната самоуправа, граѓанските организации.

Со Телото ќе претседава  Национален Координатор од Министерството за труд и социјална политика.

Телото ке се состои од вкупно 13 члена со статус постојани членови. Воедно, покрај формирањето на Националното координативно тело, во делот на секое од вклучените министерства ке се формираат посебни мини координативни тела во рамките на истоимените министерства. Постојаните членови на ова тело истовремено ќе членуваат  во мини координативните тела  на ресорните министерства.

Националното координативно тело ќе има формално-правен мандат за следење и имплементација на Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство. За својата работа, ќе подготви и донесе Деловник за работа.

Ова тело на шест месеци ќе го информира Националниот известувач за остварување на предвидената динамика и прогрес на активностите предвидени во Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство,  преку Одделението за социјално вклучување при Министерството за труд и социјална политика.

Покрај формирање на Национално координативно тело, Владата назначува Национален известувач кој е одговорен за следното:

- Надгледување на севкупните активности за спречување и заштита од семејно насилство
- Собирање и анализа на податоци од релевантните партнери
- Мониторинг и евалуација на имплементираните активности по НАП
- Носи заклучоци и дава препораки за подобрување на активностите за имплементација на политиките за подобар институционален одговор,
- Дава препораки за ревизија на стратешките цели
- Изготвување на годишен извештај
- Комуникација со релевантните национални институции, како и комуникација со меѓународни институции од земјата и странство







**Анекс IV: План за спроведување**

Стратешка област: Спречување

| **Програма/ стратешка област** | 1. Стратешка област: Спречување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дата:** | 2012-2015 | | | | |
| **Цел:** | До крајот на 2015 година, ќе се подигне јавната и професионалната свест за неприфатливоста на семејното насилство | | | | |
| | **Активност** | **Одговорни** | **Рок или динамика** | **Потребни Ресурси** | **Индикатор** |
| **3.1.1.1. Подигнување на свеста и развивање на неприфатливост на семејното насилство како грубо кршење на човековите права и слободиви** | 3.1.1.1. Спроведување на национални и локални кампањи | Сите релевантни чинители на национално и локално ниво вклучително и НВО секторот | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | - Подготвена програма за динамика на националната кампања<br>- Број на спроведени национални кампањи<br>-Број на спроведени локални кампањи<br>-Видови информативни материјали<br>-Број на дистрибуирани информативни материјали |
| | 3.1.1.2.Спроведување на трибини и јавни дебати особено во руралните средини со адресирање на традиционалното разбирање на родовите улоги на различните етнички групи | Сите релевантни чинители вклучително и НВО секторот | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Број на спроведени трибини во 40% од руралните средини во општините<br>-Број на организирани настани во 20% од руралните средини на општините |
| | 3.1.1.3. Вклучување на модули за ненасилно однесување во семејството во наставните програми на сите нивоа на образование и предучилишно воспитување со посебен акцент на вклучување на момчињата и мажите во зголемување на свесноста за сите видови на насилство вклучително и традиционалните родови улоги | МТСП, МОН, Биро за развој на образование | Од септември 2012 до декември 2015 | Работна група од МОН | - Програма за развивање на модул за ненасилно однесување во предшколските установи со развиен план за вклучување на мажите и момчињата<br>-Изготвен модул за ненасилно однесување во предшколско воспитување<br>-Ревидирани модули за ненасилно однесување за основно образование и за средно образование<br>-Изготвена анализа за родовата сензибилизираност на наставните програми<br>-Изготвен прирачник или друго учебно помагало со содржини кои се однесуваат на развивање на ненасилно однесување во семејството за основно образование<br>-Број на основни и на средни училишта во кои се спроведува модулот според години<br>-Процент на предшколски установи во кои се спроведува модулот според години |
| | 3.1.1.1.4: Евалуација и развивање на структурирани програми за обуки на стручни работници во социјална заштита, наставници, воспитувачи, здравствени работници, полициски службеници, јавни обвинители и судии, за предрасуди и стереотипи, родова еднаквост, мултикултурна различност | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Подготвена анализа на постоечките програми за обука на професионалците според сектори<br>-Подготвена програма за обука за адресирање на предрасудите и стереотипите, за родова еднаквост и мултикултурна различност за сите професионални структури |





| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1.1.2Сензибилизирање на локалните актери за преземање на активности за намалување на ризиците за семејно насилство во локалната заедница** | **3.1.1.2.1: Формирање на локална бизнис заедница за подршка на Локалните програми и стратегии** | **Сите релевантни чинители** | **Од септември 2012 до декември 2015** | **Членови на НКТ,Регионални стопански комори и ЗЕЛС** | **-Извештај за одржани работни состаноци со препораки по години<br>-Број на идентификувани општини<br>-Број на формирани локални бизнис заедници кои даваат ефективна поддршка на Локалните програми** |
| | 3.1.1.2.2: Формирање на тела во рамките на деловните субјекти за општествена одговорност кон ранливите групи од семејно насилство | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ,Регионални стопански комори и ЗЕЛС | -Извештај за одржани работни состаноци со препораки<br>-Број на деловни субјекти во кои е формирано тело за општествена одговорност кон ранливите групи од семејно насилство<br>-Процент на спроведени активности на телата во деловните субјекти |
| | 3.1.1.2.3: Размена на добри практики и локални искуства за општествено одговорна бизнис заедница | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2012 | Членови на НКТ,Регионални стопански комори и ЗЕЛС | -Годишни извештаиј за идентификувани добри практики<br>-Идентификувани најмалку 2 модела на најдобри практики годишно<br>-Доставена информација до локалните заедници за идентификуваните 2 најдобри практики на годишно ниво |
| **3.1.1.3 Формирање на локални тела за превенција од семејно насилство во Локалните совети за** | 3.1.1.3.1: Изготвување и усвојување на локални програми кои содржат активности за спречување и заштита од семејно насилство | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ и ЗЕЛС | -Подготвен извештај за видови активности за спречување и заштита од семејно насилство кои треба да се вградат во локалните програми<br>-Број на усвоени локални програми со активности за спречување на семејно насилство<br>-Процент на преедвидени активности во локалните програми |
| | 3.1.1.3.2: Организирање секторски работни состаноци со територијалните надлежни чинители за развивање на механизми за координација и комуникација за активности во функционирањето на локалните меѓусекторски тимови за спречување и заштита од семејно насилство | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2013 | Членови на НКТ | Подготвен извештај за одржани состаноци со територијални служби според сектор и предлог мерки<br>-Број на одржани состаноци според сектори<br>-Број на територијални служби со кои се организирани состаноци<br>-Утврден механизам за координација и комуникација на локалните меѓусекторски тимови |
| | 3.1.1.3.3: Организирање на мултисекторски состаноци за синхронизирање на развивање на механизми за координација и комуникација за активности на сите чинители во тимот | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2013 | Членови на НКТ | -Извештај за спроведени најмалку 3 мултисекторски состаноци за механизми за координација и комуникација со предлог мерки<br>-Утврден опис и попис на работни задачи на секој член на тимот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.1.3.4: Активно вклучување на меѓусекторските тимови за интервенција во работењето на посебното тело за превенција од СН формирани во рамките на оптштинските локални совети за Превенција | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2012 | Членови на НКТ и ЗЕЛС | -Подготвен извештај со предлог мерки -број на аплицирани проекти за превенција на семејно насилство на локално ниво -број на поддржани проекти -процент на спроведени активности |
| | 3.1.1.3.5: Координирање на активностите помеѓу советите за јавно здравје и совети за превенција | МЗ и ЗЕЛС | Од септември 2012 до декември 2015 | Работна група од МЗ | -Извештај за одржани состаноци со Советите за јавно здравје со препораки -Број на општини во кои е воспоставена координација -Процент на координирани активности |
| 3.1.1.4. Јакнење на капацитети за имплементација на активностите за превенција | 3.1.1.4.1: Развивање на модул за превенција од СН на секторско ниво | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2013 | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвена Програма со утврдени видови и број на модули според сектори -Подготвени модули за превенција според сектори -Број на подготвени едукативни материјали |
| | 3.1.1.4.2: Развој на модул за мултисекторско координирано постапување во превенција на семејно насилство, вклучително и со НВО секторот | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2013 | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвен извештај за потребни квалификации на консултант за развивање на модул за мултисекторско постапување -Ангажиран консултант -Подготвен модул за обука за мултисекторски координирано постапување во превенција на семејно насилство -Подготвени едукативни материјали |
| | 3.1.1.4.3: Спроведување на континуирани секторски обуки во согласност со изготвениот Модул | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Центар за обука на МВР, Академија за судии и обвинители, Завод за социјални дејности,Лек арска комора на Македонија, МОН, Биро за развој на образование, НВО | -Подготвен извештај со План за динамика на обуките според сектори и број на професионлци на годишно ниво -Број на спроведени обуки по сектори -Процент на остручени професионалци според сектори |
| | 3.1.1.4.4: Спроведување на континуирани мултисекторски обуки | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвен план за динамика и број на учесници на обуките на регионално ниво -Број на спроведени обуки на регионално ниво -Процент на остручени професионалци на регионално ниво |
| | 3.1.1.4.5: Континуирано унапредување на капацитетите на Локалните тела за спречување и заштита заради нивна одржливост | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2012 | Членови на НКТ со секторски работни групи и ЗЕЛС | -Изготвен план за учество на членовите на локалните тела во мултисекторските обуки на регионално ниво -Број на спроведени обуки -Процент на остручени лица од Локалните тела |
| | 3.1.1.4.6: Спроведување на обуки за спречување на појавата од согорување на професионалците кои постапуваат со случаи на СН | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвен извештај со препораки -Број на спроведени обуки според сектори -Процент на остручени професионалци |





## Стратешка област: Заштита, помош и поддршка на жртвите

| **Програма/ стратешка област** | **2. Заштита, помош и поддршка на жртвите** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дата:** | **2012-2015** | | | | |
| **Цел:** | **До крајот на 2015 година, ќе се зајакне заштитата, помошта и поддршката на жртвите** | | | | |
| | **Активност** | **Одговорни** | **Рок или динамика** | **Потребни Ресурси** | **Индикатор** |
| 3. 1.2.1.Унапредување на институционалниот одговор непосредно по насилството преку воспоставувањена холистички пристап | 3.1.2.1.1: Измена и дополнување на легислативата во согласност со меѓународните стандарди | МП | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Подготвен Извештај со идентификувани закони за измени и дополнувања со динамика -Ратификувана CAHVIO Конвенција |
| | 3.1.2.1.2.Спроведување на обуки за обучувачи за работа со сторител на СН; | МТСП, Професионални здруженија, НВО | Од септември 2012 до декември 2015 | Програма за обука на обучувачи | -Подготвен Детален план за динамика на обуки и број на лица за обучувачи - Број на спроведени обуки за обучувачи -Број на обучени лица за обучувачи |
| | 3.1.2.1.3. Спроведени обуки на стручни лица за работа со сторители | МТСП, Професионални здруженија | Од септември 2012 до декември 2015 | Програма за обука на стручни лица за работа со сторители | -Детален план за динамика на обуки и број на стручни лица за работа со сторители -Број на спроведени обуки -Процент на остручени професионалци за работа со сторители |
| | 3.1.2.1.4: Проширување на мрежата на советувалишта за психосоцијален третман на жртви, вклучително и деца | МТСП И НВО | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци за постојните советувалишта и програмата за советувалишта | -Подготвен план за териториjална дистрибуција на советувалишта со евалуација на можностите за регионална достапност на советувалиштата -Број на воспоставени советувалишта -Број на жртви кои побарале психоцијален третман според региони -Број на жртви на кои им е пружен психоцијален третман според региони |
| | 3.1.2.1.5: Идентификување и промовирање на соодветен институционален одговор во врска со семејно насилство врз најранливи жртви | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2014 | Податоци од сите служби | -Подготвена анализа на актуелниот институционален одговор со предлог мерки -Подготвен стандардизиран интервентен институционален одговор за семејно насилство врз најранливи -Број на имплементирани стандарди од стандардизираниот интервентен институционален одговор според сектори -Подготвен стандардизиран прашалник за идентификација на најранливи жртви -Број на пополнети прашалници на секторско ниво |
| | 3.1.2.1.6: Проширување на мрежата на советувалишта за родители и деца | МТСП | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци за постојните советувалишта и програмата за советувалишта | -Подготвен план за териториjална дистрибуција на советувалишта со евалуација на можностите за регионална достапност на советувалиштата -Број на воспоставени советувалишта -Број на родители и на деца кои побарале советување според региони -Број на родители идеца на кои им е пружено советување според региони |
| | 3.1.2.1.7: Проширување на мрежата на советувалишта за психосоцијален третман на сторители на СН | МТСП | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци за постојните советувалишта и бројот на обучени стручни лица | -Подготвен план за териториjална дистрибуција на советувалишта со евалуација на можностите за регионална достапност на советувалиштата -Број на воспоставени советувалишта за сторители -Број на сторители на кои им е пружен психоцијален третман според региони |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.2.1.7: Проширување на мрежата на советувалишта за психосоцијален третман на сторители на СН | МТСП | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци за постојните советувалишта и бројот на обучени стручни лица | -Подготвен план за териториjална дистрибуција на советувалишта со евалуација на можностите за регионална достапност на советувалиштата<br>-Број на воспоставени советувалишта за сторители<br>-Број на сторители на кои им е пружен психоцијален третман според региони |
| | 3.1.2.1.8: Континуирано економското јакнење на жртвите преку активните мерки за вработување, заедно со програмите за психо социјална подршка и градење на кариера. | МТСП, АВРМ, Регионални стопански комори | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Подготвен извештај за економско јакнење на годишно ниво<br>-Број на економски зајакнати жртви по години<br>-Број на жртви вклучени во активните мерки за вработување по години<br>-Број на обуки за жртви за градење на кариера по години<br>-Процент на обучени жртви за градење на кариера по години<br>-Број на спроведени програми за психо-социјална поддршка<br>-процент на жртви вклучени во програма за психо-социјална поддршка |
| | 3.1.2.1.9: Воспоставување на менторски систем на поддршка на жртвите вклучени во економските програми | МТСП, НВО | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Подготвена програма за ментори заедно со профил и професионални капацитети на менторот<br>-Број на идентификувани ментори<br>-Број на обуки за ментори<br>-Број на обучени ментори<br>-Број на случаи на менторство по години |
| | 3.1.2.1.10: Регионално достапна мрежа на засолништа (центри за жртви на семејно насилство ) | МТСП, НВО | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Подготвен план за териториjална дистрибуција на засолништа со евалуација на можностите за функционална регионална достапност<br>--Донесена Одлука на Владата за определување на објекти за засолништа на регионално ниво<br>-Број на воспоставени засолништва<br>-Број на сместени жртви во засолништа по години |
| | 3.1.2.1.11: Продолжување на функционирањето на националните и координирана соработка со локалните СОС линии, со зајакнување на капацитетите за интервентно сместување на жртвите | НВО, МТСП | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Број на повици до СОС линиите по години<br>-Број на интервентно сместени жртви<br>-Доопремување на центрите за интервентно сместување |
| | 3.1.2.1.12: Развивање на единствен Инструмент за проценка на ризикот од семејно насилство | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2014 | Членови на НКТ | -Формирана работна група за развивање на инструментот<br>-Подготвен Инструмент за проценка на ризикот од семејно насилство<br>-Број на обуки за Инструментот<br>-Процент на остручени лица<br>-Број на пополнети Инструменти по години |
| | 3.1.2.1.13: Формирање на работна група за развивање на Стандард за услугите кои ги обезбедува НВО секторот; | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2014 | Членови на НКТ | -Номинирани членови на работната група и подготвен план за работа<br>-Развиен Стандард за услуги кои ги обезбедува НВО<br>-Подготвен информативен материјал за Стандардот<br>-Ефективна дистрибуција на информаитвен материјал до сите релевантни чинители |
| | 3.1.2.1.14: Изработка на брошури | МТСП, НВО | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Подготвен извештај за видови и структурата на брошурите<br>-Утврдени 2 вида брошури<br>-Број на подготвени брошури<br>-Процент на дистрибуирани брошури |





| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.2.1.15: Промовирање на ефикасна дисеминација на разбирливи информации до жртвите на семејно насилство и поддршка за НВО секторот во информирање на жртвите и достапноста на информациите | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Подготврн план за динамика на активностите според сектори<br>-Достапни информации ефикасно дистрибуирани од државните органи<br>- Видови на достапни информации во органите кои постапуваат со жртви<br>-Процент на органи кои постапуваат со жртви во кои се достапни разбирливи информации за жртвите според сектори |
| | 3.1.2.1.16: Развој на структурирана програма за работа со сторители на насилство во постоечките центри за зависности и новоотворените центри за зависности во случаи на семејно насилство како резултат на злоупотребата (алкохол, дроги) | МТСП, МЗ | Од септември 2012 до декември 2014 | Податоци од Центрите за зависности | -Подготвен извештај за дефинирање на содржината на структурираната програма<br>-Подготвена структурирана програма за работа со сторители на третман на зависност |
| | 3.1.2.1.17: Активно вклучување во функционирањето на терапевстки заедници за ресоцијализација на корисници на дрога и алкохол кои се сторители на семејно насилство | МТСП | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од терапевтскит е заедници | -Анализа на состојбата и проценка на методите за адресирање на потребите за ресоцијализација на сторителите на семејно насилство вклучени во терапевтските заедници<br>-Дефинирани видови активности<br>-Процент на спроведени активности во терапевтските заедници за ресоцијализација на сторители на семејно насилство |
| **3.1.2.2. Унапредување на препознавањето на сите облици на семејно насилство и идентификација на жртвите** | 3.1.2.2.1: Евалуација и унапредување на програмата за обука во делот на заштита од семејно насилство и идентификација на жртви | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ и секторски работни групи | -Извештај за евалуација со препораки<br>-Дефинирани индикатори за следење на успешноста на обуката |
| | 3.1.2.2.2: Развивање на модули за секторски обуки за обука за заштита од семејно насилство и развивање на соодветни прирачници и работни материјали | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2013 | МТСП, Завод за социјални дејности,МП, Академија за судии иобвинители, МВР, Центар за обука на МВР,МЗ, НВО | -Подготвени 3 модули за обукана полициски службеници со прирачници;<br>3 модули за стручни лица во социјална заштита со прирачници и работни материјали,<br>1 модул за здравствени работници со прирачник и работни материјали;<br>2 модули за судии и 2 модули за јавни обвинители со прирачник и работни материјали<br>; 1 модул за наставници со работни материјали и<br>1 модул за воспитувачи со работни материјали |
| | 3.1.2.2.3:Развивање на модули за обука за меѓусекторска соработка и координација за заштита од семејно насилство. и развивање на соодветни прирачници и работни материјали | МТСП | Од септември 2012 до декември 2013 | Членови на НКТ | -Подготвен извештај за потребни квалификации на консултант за развивање на модул за мултисекторска соработка и координација Постапување<br>-Ангажиран консултант<br>-Подготвен модул за меѓусекторска соработка за заштита од СН со прирачник и работни материјали |
| | 3.1.2.2.4: Спроведување на континуирани секторски обуки во согласност со изготвените Модули | Сите релевантни чинители | континуирано | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвен план со утврдени број на обуки според модули и број на професионалци за секој сектор<br>-Број на спроведени обуки на секторско ниво по години<br>-Процент на остручени лица на секторско ниво по години |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.2.2.5: Спроведување на континуирани мултисекторски обуки | Сите релевантни чинители | континуирано | Центар за обука на МВР, Академија за судии и обвинители, Завод за социјални дејности, Лекарска комора на Македонија, МОН, Биро за развој на образование, НВО | -Подготвен план за динамика и број на учесници на обуките на регионално ниво<br>-Број на спроведени обуки на регионално ниво<br>-Процент на остручени лица според региони |
| | 3.1.2.2.6: Континуирано унапредување на капацитетите на Локалните тела за спречување и заштита заради нивна одржливост | Сите релевантни чинители | континуирано | Членови на НКТ и ЗЕЛС | -Изготвен план за учество на членовите на локалните тела во мултисекторските обуки на регионално ниво<br>-Број на спроведени обуки на кои присуствувале членови на локалните тела<br>-Процент на остручени членови на локални тела според регион |
| | 3.1.2.2.7: Спроведување на обуки за спречување на појавата од согорување на професионалците кои постапуваат со случаи на СН | МТСП И останатите релевантни чинители | континуирано | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвен извештај со препораки<br>-Број на спроведени обуки<br>-Процент на обучени професионалци на секторско ниво |
| 3.1.2.3.Достапност на директна помош и заштита на жртвите | 3.1.2.3.1.Ревизија на услугите за жртвите и нивната достапност, вклучително на специјализираните услуги за жртви на семејно насилство | МТСП И останатите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2014 | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвена евалуација за видот на услуги, нивната достапност и дефинирани предлог мерки |
| | 3.1.2.3.2. Развивање на предлози за подобрување на услугите на жртвите | МТСП И останатите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ со секторски работни групи | -Подготвена анализа на минимум стандардот на услугите со препораки<br>-Број на жртви кои се информирани од државните органи за видот на достапни услуги<br>-Број на пружени општи и специјалистички медицински прегледи според регион<br>-Број на изготвени програми за психо-социјална поддршка на регионално ниво<br>-Број на жртви корисници на бесплатна правна помош според региони |
| 3.1.2.4.Интеграција на жртвите во општественото живеење | 3.1.2.4.1: Континуирана едукација на стручните работници и меѓусекторска координација за потикнување на мотивацијата кај жртвата за активно вклучување во општественото живеење | МТСП, АВРМ, НВО, | Од септември 2012 до декември 2015 | Челнови на НКТ и Работна група на МТСП | -Подготвена програма за обука и план за динамика на активности на регионално ниво<br>-Број на спроведени обуки според регион<br>-Процент на остручени лица за поттикнување мотивација кај жртвите |
| | 3.1.2.4.2: Спроведување на обука за ментори на жртвите на семејно насилство | МТСП, НВО | Од септември 2013 до декември 2015 | Членови на НКТ | -Број на спроведени обуки<br>-Број на обучени ментори според региони |
| | 3.1.2.4.3:Ефикасна дисеминација на информации за достапноста на активните мерки за вработување на жртвите на СН | МТСП, АВРМ, НВО | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Подготвен план за дисеминација на локално ниво<br>-Број на изготвен информативен материјал<br>-Број на дистрибуиран информативен материјал до жртвите |
| | 3.1.2.4.4:Сензибилизирање на локалната заедница и на бизнис заедницата за реинтеграција на жртвите на семејно насилство | МТСП ЦСР, АВРМ, ЗЕЛС, Регионални стопански комори | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ | - Број на одржани јавни трибини во локални заедници на годишно ниво<br>-Процент на локални заедници во кои се оддржани трибини |
| | 3.1.2.4.5:Формирање на групи за самопомош и подршка на жртвите на семејно насилство | МТСП, НВО | Од септември 2012 до декември 2015 | ЦСР и НВО | Подготвен извештај за формирани групи според региони на годишно ниво<br>-Број на формирани групи за самопомош<br>-Број на жртви вклучени во групите |





## Стратешка област: Гонење на сторителите

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Програма/ стратешка област** | **3. Гонење на сторителите** | | | | |
| **Дата:** | **2012-2015** | | | | |
| **Цел:** | **До крајот на 2015 година, ќе се зголеми ефикасноста во гонење на сторителите** | | | | |
| | **Активност** | **Одговорни** | **Рок или динамика** | **Потребни Ресурси** | **Индикатор** |
| 3.1.3.1.Унапредување на законска и нормативна рамка | 3.1.3.1.1: Хармонизација на легислативата со меѓународните стандарди | МП | Од септември 2012 до декември 2014 | Податоци од сите служби | -Подготвена програма и план за динамика за подобрување на евиденцииите за изречени мерки на безбедност и видови заштитен надзор изречен со правосилна пресуда на сторител на семејно насилство<br>-Број на предлози за измени и дополнувања на националните закони<br>-Процент на усвоени предлози за дополнување и измени на националните закони од Владата и Собранието |
| | 3.1.3.1.2: Формирање Работна група за видливост на потребите на жртвите на семејно насилство во Фондот за надомест на жртви | МТСП И останатите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2014 | Членови на НКТ | -Номинирани членови на работна група<br>-Подготвен Извештај за конституирање на групата и усвоена програма за работа<br>-Број на доставени предлози за видливост на потребите на жртвите во Фондот за жртви<br>-Процент на усвоени предлози од РГ за формирање на фонд за жртви |
| | 3.1.3.1.3: Развивање на механизми за имплементација на мерки на процес на заштита на жртвите од семејно насилство и нивна достапност | Членови на НКТ | Од септември 2012 до декември 2012 | Податоци од сите служби | -Формирана работна група за подготовка на упатство за примена на мерки на процесна заштита на жртвите<br>-Подготврно Упатство за примена на мерки на процесна заштита<br>-Доставена информација за Упатството до сите органи кои се вклучени во имплементација на мерки на процесна заштита |
| | 3.1.3.1.4:Евалуација на постапувањето на професионалците при предлагање, изрекување , извршување и следење на преивремените мерки за заштита од семејно насилство. | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Подготвена евалуација за професионалните практики со привремените мерки за заштита<br>-Развиени индикатори за следење на предлагањето, изрекувањето и извршувањето |
| | 3.1.3.1.5:Развивање на предлози за зголемување на ефикасноста во предлагање, изрекување , извршување и следење на привремените мерки за заштита од семејно насилство. | Членови на НКТ | Од септември2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Зголемено предлагање на привремени мерки за 20%<br>-Зголемено изрекување на привремени мерки за 20%<br>-Видови на привремени мерки кои се предлозжени, изречени и извршени на годишно ниво<br>-Број на предложени, изречени и извршени привремени мерки внесени во единствената база на податоци за жртви на СН |
| | 3.1.3.1.6:Спроведување на меѓусекторски состаноци за градење за координирана пракса во предлагање, изрекување , извршување и следење на привремените мерки за заштита од семејно насилство | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ и секторски работни групи | -Број на оддржани состаноци на годишно ниво<br>-Број на професионалци кои учествуваат на состаноците според сектори<br>-Дефинирани чекори за координирана практика<br>-Број на оддржани состаноци на регионално ниво за дистрибуирање на чекорите за координирана практика<br>-Процент на изречени привремени мерки<br>- Број на доставени извештаи за извршени привремени мерки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.3.1.7: Обезбедување на навремена и целосна документација за случајот во ЦСР преку доследно спроведување на законските одредби за известување на ЦСР за сите преземени активности и пропратна документација од надлежните чинители | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2012 | Податоци од сите служби | -Број на доставени известувања и документација до ЦСР според месна надлежност и година<br>-Процент на доставена пропратна документација со известувањето<br>-Број на доставени информации и документација до жртвите во однос на број на барања од жртвите за доставување на информација и документи за случајот |
| 2.Ефикасна имплементација заснована на почитување на правата на жртвите | 3.1.3.2.1: Анализа на причините за осипување на судските предмети за семејно насилство и предлог мерки за надминување на состојбата | Членови на НКТ | Од септември 2012 до декември 2014 | Податоци од сите служби | -Извештај за анализа на обвинителски и судски предмети со предлог мерки |
| | 3.1.3.2.2. Развивање на модул за обука за професионалците за водење на интервју со жртвата и аудио-визуелен запис кој ќе се користи како доказ | МП, МВР, МТСП | Од септември 2012 до декември 2014 | Тренинг Центарот на МВР, Академија за судии | -Формирана работна група за развивање на модулот<br>-Подготвен модул за водење на интервју со жртвата на СН и аудио-визуелен запис кој ќе се користи како доказ<br>-Подготвени работни материјали за обука |
| | 3.1.3.2.3: Унифицирање на постапувањето согласно Методолошките упатства за спроведување на стручната работа | МТСП, Завод за социјални дејности | Од септември до декември 2012 | Податоци од ЦСР | -Број на одржани обуки на регионално ниво за стручните работници од ЦСР за Методолошките упатства за спроведување на стручната работа<br>-Процент на обучени стручни лица од ЦСР според месна надлежност |





## Стратешка област: Мултисекторска соработка и подигање на институционални капацитети и специјализираните служби

| Програма/ стратешка област | 4. Мултисекторска соработка и подигање на институционални капацитети и специјализираните служби | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дата: | 2012-2015 | | | | |
| Цел: | До крајот на 2015 година, ќе се зајакне мултисекторската соработка | | | | |
| | **Активност** | **Одговорни** | **Рок или динамика** | **Потребни Ресурси** | **Индикатор** |
| 3.1.5.1. Формирање систем за управување со информации, мониторинг и евалуација | 3.1.4.1.1: Формирање на работна група за подготвување на предлог текст на закон за превенција од СН | МТСП | Од септември до декември 2014 | Извештај од Националното истражување за семејно насилство, Регионални закони за спречување на семејно насилство | -Номинирани членови на работна група<br>-Записник од конституирање и усвоен план за работа<br>-Број на одржани состаноци<br>-Подготвен предлог Закон за превенција од СН<br>-Усвоен Закон за превенција |
| | 3.1.4.1.2: Номинирање постојани претставници од релевантните чинители во НКТ | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2013 | Работна група | -Формирано НКТ<br>-Формирана национална канцеларија |
| | 3.1.4.1.3: Развивање на заеднички специфични обуки и обврска за обука, а особено за феноменот на семејно насилство, постапување со жртви и соработката | Членови на НКТ | Од септември 2012 до декември 2014 | Работна група на НКТ | -Усвоена Програма за обуки за феноменот на семејно насилство |
| | 3.1.4.1.4.: Подобрување на транспарентноста во имплементацијата на активностите | Членови на НКТ | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | Развиена веб апликација и поставување на материјалите за информирање на јавноста |

| Програма/ стратешка област | 5. Имплементација, следење и евалуација | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дата: | 2012-2015 | | | | |
| Цел: | До крајот на 2015 година, ќе се унапреди системот за управување со информации, мониторинг и евалуација | | | | |
| | **Активност** | **Одговорни** | **Рок или динамика** | **Потребни Ресурси** | **Индикатор** |
| 1.Формирање систем за управување со информации, мониторинг и евалуација | 3.1.5.1.1. Координирање од Национално координативно тело на постојана основа | МТСП | Од септември 2012 до декември 2015 | МТСП | - Формирано НКТ<br>-Број на подготвени извештаи<br>-Број на одржани состаноци<br>-Подготвени и усвоени програми и акти за работа на НКТ<br>-Процент на спроведени активности од усвоената Програма за работа на годишно ниво |
| | 3.1.5.1.2. Воспоставување на систем на единствена евиденција | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 додекември 2015 | Софтвер за прибирање податоци за жртви на семејно насилство | -Подготвен план за поврзување на сите релевантни чинители со софтверот и компатибилност на различните софтвери<br>-Број на евидентирани жртви со внесени податоци во единствената база на податоци на годишно ниво<br>-Процент на доставени податоци за жртви на СН од државни органи и институции<br>-Број на издадени лозинки на државни органи иинституции за користење на податоците од базата |
| | 3.1.5.1.3: Континуирано анализирање на појавата | МТСП, Завод за социјални дејности | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Ангажиран аналитичар од ЈУ Завод за социјални дејности<br>Подготвена анализа за евидентирани случаи на семјно насилство<br>-Подготвена анализа за процент на повторување на насилството на годишно ниво |
| | 3.1.5.1.4: Развивање на методологија за водење статистика за жртви на семејно насилство | МП, МТСП, Завод за Статистика | Од септември 2012 до декември 2015 | Работно тело на Врховен суд за употреба на системот за електронско водење на судски предмети | -Подготвен извештај за водење на судските предмети според жртва и одредби за семејно насилство<br>-Подготвена методологија за електронско водење на судски предметиспоред жртва и одредба за СН<br>-Подготвени обрасци за водење на статистика за жртви на СН<br>- Годишен статистички преглед за жртви на Семејно насилство |
| | 3.1.5.1.5: Воспоставување на систем на следење на сите нивоа и тоа:во општините за состојбата во локалната заедница; во секое министерство / институција; и на национално ниво | Сите релевантни чинители | Од септември 2012 до декември 2015 | Членови на НКТ и секторски работни групи | -Подготвен план за единици податоци кои ќе се собираат на сите нивоа<br>-Подготвен инструмент за следење на појавата<br>-Подготвени обрасци за следење на појавата за секој релевантен чинител<br>-Број на пополнети обрасци на годишно ниво<br>-Годишен извештај за спроведено следење за секое ниво |





| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.Емпириски истражувања (популациски и виктимолошки) | 3.1.5.2.1: Спроведување на национално популациско истражување за семејно насилство | Членови на НКТ | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Подготвен Извештај со дефинирани цели на истражувањето и временска рамка<br>-Подготвена методологија на истражување<br>-Подготвен истражувачки извештај<br>-Дистрибуција на Извештајот до сите релевантни чинители и објавување на веб страната на НКТ |
| | 3.1.5.2.2: Спроведување на национално виктимолошко истражување за семејно насилство | Членови на НКТ | Од септември 2012 до декември 2015 | Податоци од сите служби | -Подготвен Извештај со дефинирани цели на истражувањето и временска рамка<br>-Подготвена методологија на истражување<br>-Подготвен истражувачки извештај<br>-Дистрибуција на Извештајот до сите релевантни чинители и објавување на веб страната на НКТ |